# СТАРО КУПУВАМ: НОВАТА ЕВРОПСКА ПРИКАЗНА ЗА МАКЕДОНИЈА




FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Македонски центар за европско образование
Macedonian Centre for European Training

# СТАРО КУПУВАМ:
# НОВАТА ЕВРОПСКА ПРИКАЗНА ЗА МАКЕДОНИЈА

СТАРО КУПУВАМ:
НОВАТА ЕВРОПСКА ПРИКАЗНА ЗА МАКЕДОНИЈА

**Автори:**

Бојан Маричиќ
Љупчо Петковски
Горан Лазаров
Филип Кондовски

**Издавач:**
Македонски центар за европско образование

**За издавачот:**
Андреја Стојковски

**Уредник:**
Бојан Маричиќ

**Превод и лектура:**
Абакус

**Ликовно-графичко обликување:**
Бригада дизајн

**Печати:**
Пропоинт

**Тираж:**
500 примероци

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**327.51.071.51(4-627ЕУ:497.7)**

СТАРО купувам : новата европска приказна за Македонија / [автори Бојан Маричиќ ... и др.]. - Скопје : Македонски центар за европско образование, 2014. - 75, 75 стр. : табели, граф. прикази ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Refashioning : Macedonia's new European story. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Автори: Бојан Маричиќ, Љупчо Петковски, Горан Лазаров, Филип Кондовски. - Библиографија: стр. 74-75

**ISBN 978-608-65329-4-9**

а) Интеграции - Европска унија - Македонија
COBISS.MK-ID 96665610

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 4

2. МЕТОДОЛОГИЈА 9

2.1 Теоретски погледи: Што е европеизацијата и како се истражува? 11

3 Дискурзивна анализа на пораките за европските интеграции 14

3.1 Историски осврт на политичкиот дискурс за европските интеграции кај ВМРО-ДПМНЕ и кај СДСМ 15

3.1.1 ВМРО-ДПМНЕ 17

3.1.2 СДСМ 26

3.2 Етничките специфики во однос на дискурсот за европските интеграции 34

4 Дискурсот за евроинтеграциите во Македонија денес 38

4.1 Клучните пораки според раководствата на партиите 38

4.2. Процесот на формулирање на политиките и на пораките поврзани со пристапувањето во ЕУ 42

4.3. Позициите на политичките подмладоци наспроти оние на раководствата на партиите 44

4.4. Вмреженоста на партиите во европските политички и интелектуални мрежи 45

5 Што мислат експертите? 49

6 Што мислат креаторите на јавното мислење? 51

7 Поддршката на граѓаните за македонските евроинтеграции: Дали влезот на Македонија во ЕУ би бил добра работа и дали државата би имала корист од тоа? 54

8. Анкетно истражување на МЦЕО: Што значи влезот во Европската унија за граѓаните? 59

8.1 Корените на разочарувањето и на евроскептицизмот 63

9 Корените на разочарувањето и на евроскептицизмот: мониторинг на известувањата на медиумите за македонските евроинтеграции во 2011 и во 2012 година 68

10 Заклучоци 70

11 Препораки 72

12 Користена литература 74

# 1. ВОВЕД

Веќе неколку години, процесот на интеграција на Македонија во Европската унија (натаму ЕУ), но уште поважно, процесот на суштинска европеизација на политичкиот и општествениот систем на Македонија, се во сериозна криза. Лекциите научени од последните бранови проширувања на ЕУ сведочат дека елитите во новите демократии се подготвени на брзи реформи и промени кога се соочени со условеноста на ЕУ. Затоа, фактот што Македонија бележи назадување во клучните демократски параметри во последниве неколку години е често толкуван како последица на застојот во евроинтеграциите.

Владејачката елита во Македонија добро знае дека владеењето на правото е една од клучните европски вредности, па честопати се повикува на овој принцип во меѓународните односи, надевајќи се дека пресудата од Меѓународниот суд во Хаг ќе биде доволна причина Грција да престане да ја блокира Македонија во евроинтегрирањето. Тоа не ги спречува дел од медиумите, кои важат за гласници на официјалните владини позиции, да известуваат само за лошите вести од „Европа која само што не се распаднала“ и во која по изборите за Европскиот парламент, според некои коментатори, „вмарширале фашистите“. Ширењето еврофобија, антизападни чувства и кокетирањето со алтернативни модели на меѓународно позиционирање и внатрешно уредување во последниве години до таа мера станаа дел од политичкиот фолклор што повеќе не претставуваат вест. Пристапувањето во ЕУ стана синоним за идентитетските прашања. Западот е обвинет за двојни стандарди во односите кон Македонија секогаш кога државата е критикувана за одредени трендови во демократијата. И на најмалата забелешка за тоа како ги управуваат домашните проблеми, македонските лидери почнаа да гледаат како на „стратегија за пренагласување на проблемите“, со цел, наводно, да се изврши притисок

врз нив да попуштат во спорот за името. Наспроти тоа, одобрувањето е многу поотворено кога медиумите едногласно известуваат за фалбите на меѓународната заедница за економските реформи и за подобрената бизнис клима.

Од друга страна, опозицијата и критичката јавност во Македонија до неодамна имаа преголеми очекувања од улогата на Брисел во домашните работи. Со доза наивност и верба во принципите и вредностите, од Брисел се очекуваше посуштествен ангажман од декларативните заложби за одбрана на фундаменталните европски вредности на домашен терен. Затоа, сентиментот на овие општествени кругови (добар дел од македонската критичка јавност) отиде во друга крајност – забележливо е разочарување од Европската унија и од еврократите како управувачи на процесот на европски интеграции. Со едноставни зборови, од која страна и да ја погледнеме приказната, може објективно да се согледа фактот дека европската агенда на политичката сцена во Македонија е во криза.

Резултатите од последните избори за Европскиот парламент, пак, укажаа на една уште поопасна криза. Во Европа постојат реална криза на лидерство и криза на идејата за обединувањето. Растот на популизмот низ цела Европа и зајакнувањето на силите, кои се против проширувањето на Унијата, се сигнал дека промените во менаџирањето на европските работи се неизбежни. Во надворешните односи, ЕУ е во растечки расчекор меѓу идеалите за европеизација и прагмата која вели дека стабилноста во сопствениот двор понекогаш е вредна дури и по цена на помалку демократија. Фактот што и внатре во Унијата постојат држави како Унгарија, чии автократски лидери се исмеваат на вредностите што ЕУ треба да ги претставува, е дополнителен аргумент за пасивниот став во односите со државите-кандидатки и со соседството.

И покрај ситуацијата која, очигледно, е фрустрирачка за повеќе фактори од различни причини, во нашата држава не постојат релевантни политички сили кои би го довеле под знак прашање консензусот кој е кондензиран околу изјавата дека „Македонија нема алтернатива на членството во ЕУ“. Иако и анкетите бележат надолен тренд на поддршката во Македонија за пристапување во ЕУ, таа останува апсолутно највисока меѓу државите-кандидатки. Сепак, тврдиме дека ова е повеќе изненадување отколку успех. Иако сѐ уште постои декларативен консензус, партиите бегаат од темата, не само во политичката комуникација туку и во изборните програми, затоа што преовладува мислењето дека пристапувањето не е тема на која се добиваат избори. Цели тринаесет години по потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, девет години по добивањето на кандидатскиот статус и пет години по првата препорака за почеток на преговорите за членство, во македонската јавност сѐ

уште не постои перцепција дека пристапувањето е внатрешна работа која се однесува на многу сфери од животот на обичниот граѓанин.

Главното прашање со кое се занимава оваа студија е следново: Дали постои начин за подобрување на практиките со кои клучните политички актери ја комуницираат „приказната“ за евроинтеграциите на Македонија? Во таа смисла, целиот проект „Старо купувам: новата европска приказна за Македонија“ и студијата претставуваат обид да се испитаат модалитетите преку кои темата би станала поатрактивна и како европските интеграции да се вратат на врвот од политичката агенда на клучните политички актери.

Сепак, со цел да се укаже на поширокиот контекст и да се формулираат препораки втемелени на широка палета докази, целите на студијата се повеќеслојни.

Прво, студијата покажува дека консензусот околу пристапувањето во ЕУ не е ниту даденост ниту, пак, е вечен. Преку историски осврт, односно, дискурзивна анализа на еден мал, но значаен дел од партиските дискурси – изборните програми на македонските политички партии од 1990 година, па наваму – се обидуваме да покажеме како се градеше тој консензус. Притоа, посветуваме внимание на тоа како партиите постепено ги прифаќале „ЕУ“ и „Европа“ како позитивна референца на политичкото дејствување.

Натаму, целта на студијата е да покаже дека содржината на консензусот не е монолитна. Консензусот навистина постои, но помалку се јасни неговите најмали заеднички содржатели: кои се очекувањата од пристапувањето на различните актери; што, всушност, елитите сакаат да постигнат со пристапувањето; како различните категории учесници во процесот ги разбираат клучните поими и какво значење им доделуваат итн. Студијата идентификува, со одредена доза поедноставување, три доминантни дискурси со кои партиите и останатите актери ја опишуваат и ја прифаќаат ЕУ како референца на своето политичко дејствување: дискурс на вредности, дискурс на придобивки и дискурс на стандарди. Студијата покажува и дека вака исконструираните дискурси се во функција на различни политички дејствувања. Освен анализа на програмите, во студијата анализираме и податоци до кои дојдовме преку полуструктурирани интервјуа со: претставници на политичките партии, креатори на јавното мислење и фокус група со експерти.

Трето, во студијата ги анализираме и поконкретните аспекти на европеизацијата – начините на кои македонските политички партии се социјализираат во поширокиот европски политички простор. Преку интервјуата, се обидуваме да одгатнеме дали партиите имаат меѓународни контакти, колку и на кој начин се вмрежени во европските чадор организации, како ги формулираат на организациско ниво пораките поврзани со евроинтеграцииите. Накратко, се

обидуваме да одговориме на прашањето дали освен декларативните заложби, постои и реална посветеност, преку каналите кои им се на располагање, да се приспособуваат кон европските текови и начин на водење политика.

Четврто, во студијата говориме и за погледот на граѓаните за евроинтеграциите, односно, за делот на политичката побарувачка. Во македонската јавност, честопати може да се слушне дека поддршката за влезот во ЕУ е речиси едногласна. Преку анализа на постојните бази на податоци од Евробарометар од 2007 година, па наваму, како и преку анализа на податоци од едно анкетно истражување на МЦЕО (фокус групи и анкета спроведена на репрезентативен примерок), ќе се обидеме да го деконструираме митот за едногласната поддршка за влезот во ЕУ и да укажеме на една ситуација која е многу покомплексна, но и поинтересна за истражување и коментирање.

За крај, врз основа на дискурзивната анализа, на податоците од интервјуата, од фокус групите и од анкетата, формулираме низа препораки до политичките партии за тоа како, во дадениот контекст, можат да ја подобрат комуникацијата на пораките поврзани со евроинтеграциите и со европеизацијата. Затоа, студијата претставува и своевиден придонес кон комуникациските стратегии на партиите во делот на евроинтеграциите.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Во истражувањето користевме комбинација на методи за прибирање, обработка и анализа на податоците. Според местото на одвивање на активностите, истражувањето беше поделено на деск-истражување и теренско истражување.

Деск-истражувањето започна со широк преглед на релевантната примарна и секундарна литература, особено на постоечките истражувања кои третирале прашања од областа на политичката култура и вредностите на македонските граѓани и партии. Оттука, во студијата е вклучена и кратка теоретска рамка. Емпириското истражување започна со анализа на содржината и дискурзивна анализа на програмите на политичките партии. Планирано беше во анализата да бидат вклучени изборните програми на шест политички партии од 1990 година, до денес: Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (натаму, ВМРО-ДПМНЕ), Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (натаму, СДСМ), Либералнодемократската партија (натаму, ЛДП), Демократската обнова на Македонија (натаму, ДОМ), Демократската унија за интеграција (натаму, ДУИ) и Демократската партија на Албанците (натаму, ДПА). Сепак, поради објективни причини, како непостоење партиски континуитет и недостапност на изборните програми, длабинската анализа се насочи на програмите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како и на програмата на ДУИ од парламентарните избори од 2011 година. Секако, опфатот на програмите е стеснет само на оние кои ни беа достапни по опсежната потрага и директниот контакт со партиите. Колку и да звучи апсурдно, некои од изборните програми не може да се најдат ниту кај самите партии или, пак, не постои волја за нивно транспарентно споделување. На пример, од ВМРО-ДПМНЕ не бевме во можност да ги добиеме политичките програми од парламентарните избори од 1994 година, како и од парламентарните избори од 2002 година. Во СДСМ, пак, не можевме да дојдеме само до програмата

за парламентарните избори од 1998 година. Во однос на содржинскиот опсег, анализата е фокусирана само на изборните програми од парламентарните избори. Сметаме дека овие изборни програми имаат најсуштинско значење за идентификување и за анализа на дискурсот кој го конструираат политичките партии за европските интеграции бидејќи темите поврзани со овие прашања најмногу се покриваат токму во политичката понуда за парламентарни избори.

Иако предвидовме и компаративна анализа со програмите на политичките партии од соседството (Бугарија и Хрватска), за жал, повторно се соочивме со проблемот на недостапност на сите програми и на методолошка неиздржаност на вклучувањето вакви нецелосни податоци во истражувањето.

Големо внимание посветивме и на обработка на податоците од анкетите Евробарометар за Македонија и за регионот, кои во сурова форма (бази на податоци за SPSS) ги добивме преку порталот gesis.org. Анализата на овие податоци беше особено значајна затоа што ни овозможи да го доловиме трендот на поддршката на граѓаните за членството во ЕУ од 2007 година, па наваму. Освен анализа на податоците од Евробарометар, МЦЕО нарача и сопствена анкета на репрезентативен примерок од 1194 граѓани, а која во март 2014 година ја спроведе Реактор – Истражување во акција. Со оваа анкета, сакавме одблизу да ги измериме ставовите, очекувањата и перцепциите на граѓаните околу битните прашања поврзани со евроинтеграциите. Преку анализата на овие податоци, прикажавме одредени битни нијанси во ставовите на граѓаните кои стандардизираните прашалници на Евробарометар не успеваат да ги доловат.

Во теренскиот дел на истражувањето, спроведовме полуструктурирани полчасовни интервјуа со високи претставници на политичките партии (потпретседатели, пратеници, секретари за меѓународна соработка / евроинтеграции), како и со претставници на подмладоците на партиите. Успеавме да направиме интервјуа со претставници од сите партии, на сите предвидени нивоа, освен со претставниците на ДПА поради нивната комплетна недостапност и затвореност за вакви потфати. Натаму, спроведени беа интервјуа со четири креатори на јавното мислење (колумнисти), како и со еден претставник на европска политичка фондација во Македонија. Со цел да ги тестираме препораките, спроведовме и фокус група со т.н. „евроинтегративна елита“, односно, со претставници од: јавната администрација, тинк-тенк заедницата и универзитетите, кои одблизу ги набљудуваат прашањата поврзани со евроинтеграциите. Спроведени беа и три фокус групи со случајно одбрани граѓани, групирани според образовна структура (со завршено основно, средно и високо образование), од кои добивме корисен придонес во објаснувањето на анкетните резултати.

Врз основа на прибраните докази и податоци, формулиравме низа препораки за подобрување на политиките.

## 2.1 ТЕОРЕТСКИ ПОГЛЕДИ:

### Што е европеизацијата и како се истражува?

По својата онтологија, европеизацијата е спорен концепт во однос на: дефинициите, опфатот (територијален, тематски и методолошки), истражувачките прашања и научната концептуализација во рамките на широко дефинираната дисциплина студии за ЕУ.[1] Кога станува збор за дефиницијата на европеизацијата, постојат голем број гледишта за тоа како таа треба да се дефинира и, следствено, како треба да се истражува. Во однос на дефинирањето на овој процес, овде користиме само две дефиниции за европеизацијата.

Првата дефиниција ја дава Радаели и резултира во поширок истражувачки фокус според кој европеизацијата е:

*... процес на (а) конструкција; (б) дифузија и (в) институционализација на формални и неформални правила, постапки, парадигми на политиките, „начини за правење на работите“ и заеднички верувања и норми кои прво се дефинираат и се консолидираат при развивањето на политиките и на политиката на ЕУ, а потоа се вградуваат во: логиката на домашниот дискурс, идентитетите, политичките структури и јавните политики.*

Втората дефиниција ја предлагаат Шимелфенинг и Седелмајер кои европеизацијата ја сметаат за „процес во кој државите ги усвојуваат правилата на ЕУ“. Во подлабока смисла, под „правила“ тие подразбираат формални и неформални правила, а под „усвојување правила“ подразбираат две димензии, односно, веројатноста за усвојување и формата на усвојување. Првиот термин се однесува на различни степени на усвојување, а вториот, кој е поважен за нашата анализа, упатува на три различни концепти за усвојувањето:[2] 1) **формален**, кој подразбира транспонирање на (хармонизирање со) законодавството на ЕУ и на другите нормите во националното законодавство, институциите и постапките; 2) **бихевиорален**, кој се мери преку сообразноста на однесувањето на клучните фактори во европеизацијата со правилата и 3) **дискурзивен**, кој подразбира мера за вградувањето на владеењето во ЕУ како позитивна референца во политичкиот дискурс на домашните актери. Оваа референца може да упати на фактот дека овие актери се искрено убедени во нормите на ЕУ или тие само го „присвојуваат“ политичкиот наратив и стратегиски ги користат нормите како „реторичка акција“.

Во однос на методолошката позиција за тоа како треба да се истражува европеизацијата, нашата анализа се интересира за студиите за европеизација

---

1 За повеќе детали за спорната природа на европеизацијата, види Винк и Грацијано, во Грацијано и Винк, уред., 2007, 3; Ладреч 2010, стр. 4-5; Шимелфенинг и Седелмајер, уред.,2005, стр. 5-6.

2 Ibid, стр. 8

како референтна точка или како домашно политичко дејствување што е резултат, иако не ексклузивно, на социјализирачките интеракции и на креирањето политики кои ја менуваат логиката на политичките интеракции на национално ниво.[3] Дополнително, особено корисни за нашата анализа се таканаречените „креативни употреби на Европа“ за целите на политичката конструкција на влијанието на европеизацијата врз националните прилики. Ова ги прави домашните актери да бидат истовремено „филтри“ и „корисници“ на нормите и правилата на ЕУ, па така, тие користат објаснувања кои се различни од „Брисел така рече“ за да го објаснат влијанието. Во таа смисла, дискурсот за ЕУ и за нејзината политика има различни форми кои не вклучуваат само лингвистички туку и реторички и политички наративи. Тој, исто така, претставува пакет *идеи* и *интерактивен процес* (курзивот е додавка на авторот). Идејната димензија може да биде когнитивна активност која им овозможува на актерите да создадат сопствена слика за реалноста и нормативна активност за оценување на реалноста. Интерактивната димензија на дискурсот се однесува на истражувањето на влијанието врз креирањето политики, во контекст на интеракцијата меѓу креаторите на политики во медиумската сфера на политичките комуникации.

Анализата ќе црпи инспирација од таканаречената *постструктуралистичка теорија на дискурсот*.[4] Вториот концепт ретко се користи како метод за опишување и објаснување на домашната политичка промена на: власта, јавните политики и политиката што се воведуваат преку интеграцијата во ЕУ. Сепак, анализата на дискурсот не е несвојствена за методологиите што ги користат студентите по европеизација во нивните квалитативни анализи.

Дискурзивната теорија се појави како интердисциплинарен обид за комбинирање на основните гледишта од лингвистиката и вештината на толкување (херменвтика) со клучните идеи од општествените и политичките науки. Оваа теорија се темели на претпоставката дека „дискурсот е важен“ и „политиката е важна“. Последните дефиниции за дискурсот (Фуко) сугерираат дека „правилата за формулирање“, кои уредуваат што, како и кој може да зборува, се во центарот на дискурзивната теорија, придавајќи им големо значење на „власта“ и на „контекстот“. Ова подразбира дека дискурсот се конструира преку борба за власт, но и дека, откако ќе стане доминантен, тој има моќен ефект врз општествениот поредок.

Кога зборуваме за европеизацијата на македонското општество, теоретскиот приод што не смее да се занемари е оној кој се однесува на градењето и на трансформацијата на идентитетот. За таа цел, накусо треба да се осврнеме

3 Цитат на Милер кај Радаели и Паскер, во Грациано и Викн, уред., 2007; стр. 37.

4 Торфинг кај Хаварт и Торфинг, уред., 2005; стр. 9.

на компактната студија на Балаловска[5] за современата трансформација на македонскиот идентитет во светло на значењето на термините „Балкан“ и „Европа“. Нејзината студија го разгледува *начинот на кој луѓето се гледаат себеси во контекст на перципираната негативна и ограничувачка реалност и можната нова аспирација за градење позитивна слика за себе. Конкретниот народ се Македонците, негативната реалност е припадноста на Балканот, а позитивната аспирација е нивниот европски идентитет.*[6] Компаративно, како регионална појава, студиите за Романија и за поранешна Југославија упатуваат на феноменот „вгнездувачки ориентализам“ или самоизземање врз основа на промоцијата на староседелски вредности и традиции и *„самоегзотицирање“, како реакција на стереотипите кои важните други ги имаат за себе и кои, во поголема или помала мера, имаат влијание врз нивните позитивни особини. Во отсуство на политички алтернативи во овој контекст, и во поглед на економскиот напредок, единствениот пат на Македонија води „кон Европа“.*[7]

Осврнувајќи се на Македонија и на процесот на конструкција (или трансформација) на идентитетот, таа тврди дека *во обидите да се промовираат горенаведените македонски политички интереси, политичките елити се залагаат за конструирање регионални аспекти на македонскиот идентитет во два преклопувачки, иако временски последователни, доминантни дискурса. Првиот и главен дискурс се фокусира на исклучување на Македонија од негативниот калап на Балканот. Вториот се обидува да промовира позитивна слика за целиот Балкан чиј составен дел е и Македонија.*[8]

---

[5] Балаловска, К., 2004, „Меѓу ’Балканот‘ и ’Европа‘: студија за современата трансформација на македонскиот идентитет“, Journal of Contemporary European Studies, том 12, бр. 2,стр. 193-214.

[6] Ibid, стр. 193

[7] Ibid, стр. 194

[8] Ibid, стр. 195

# 3. ДИСКУРЗИВНА АНАЛИЗА НА ПОРАКИТЕ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ

Во овој дел од студијата се осврнуваме на **два клучни аспекта од дискурсот** на политичките партии во Македонија за европските интеграции и за европеизацијата како референца во политичкото дејствување.

1) Прво, овде ќе направиме ***историски осврт на дискурсот во изборните програми*** за парламентарни избори на двете најголеми политички партии во Република Македонија, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, од 1990 година до 2014 година. Секако, опфатот на програмите е ограничен само на оние кои ни беа достапни по опсежната потрага и директен контакт со партиите. Колку и да звучи апсурдно, некои од изборните програми не може да се пронајдат ниту кај самите партии или, пак, не постои волја за нивно транспарентно споделување. На пример, не бевме во можност да ги најдеме политичките програми на ВМРО-ДПМНЕ за парламентарните избори од 1994 година, како и за парламентарните избори од 2002 година. Во однос на СДСМ, пак, не можевме да ја најдеме само програмата за парламентарните избори од 1998 година.

Во однос на содржинскиот опсег, анализата се фокусира само на изборните програми за парламентарни избори. Сметаме дека овие изборни програми имаат најсуштинско значење за идентификување и за анализа на дискурсот за европските интеграции што го конструираат политичките партии бидејќи темите поврзани со овие прашања најмногу се покриваат токму во политичката понуда за парламентарни избори.

Во однос на опсегот на партиите, овој дел на анализата се фокусира на двете најголеми партии бидејќи тие имаат најголем континуитет,

доследност, достапност и содржина при креирањето на политичките пораки и при нивното комуницирање со граѓаните. Сите други партии немаат континуитет на постоење од 1990 година ниту, пак, редовно креираат и публикуваат политички програми за сите парламентарни изборни циклуси. Така, на пример, во некои ситуации ЛДП и ДОМ настапувале коалициски на парламентарните избори и немале свои самостојни програми, туку учествувале во подготовката на изборните програми на нивните поголеми коалициски партнери и во нивната натамошна промоција. Ваквата пракса оневозможува утврдување континуитет или, пак, еволуција на ставовите на овие партии, и оттука, тие не беа земени предвид во анализата.

2) Вториот дел од анализата се однесува на ***етничките партикуларни специфики на дискурсот за европските интеграции***, односно, ќе се обидеме да препознаеме ***сличности и разлики меѓу т.н. македонски политички партии и нивниот дискурс наспроти т.н. албански политички партии и нивниот дискурс.***

## 3.1 ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА ПОЛИТИЧКИОТ ДИСКУРС ЗА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ КАЈ ВМРО-ДПМНЕ И КАЈ СДСМ

Во однос на опсегот на партиите кои се предмет на анализа, најмногу ќе се реферира на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ од т.н. македонски партии, и на ДУИ од албанските партии, како најдостапни извори на информации. Оваа анализа користи и други, секундарни извори, со цел да ја отслика разликата во перцепцијата и во дискурсот на политичките елити кај Македонците и кај Албанците, да се утврди дали во Македонија постои јасна заедничка основа за дискурсот за европските интеграции, каде постојат разлики и дали постојат обиди за нивно премостување.

Доколку внимателно ги читаме пораките од политичките програми на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ од 1990 година до 2014 година, може да препознаеме определени законитости во начинот на кој политичкиот дискурс на овие две партии ги отсликува европските интеграции и европеизацијата како процес. Во таа смисла, кај обете партии може да се идентификуваат три типа дискурс за европските интеграции:

• **Дискурс на вредности** (и тоа, во два подвида: конструирани и примордијални) – Во рамките на содржината на овој дискурс влегуваат отсликувањата на пристапувањето кон ЕУ како процес на прифаќање и на почитување определени принципи и начела кои државата треба да ги достигне со макотрпна работа, а тие

служат повеќе како идеал и како мера за европското и демократско општество какво што Македонија посакува да стане. Пример за вакви *конструирани* вредности се: демократијата, владеењето на правото, слободата на говорот, независното судство и слично. Тие се *конструирани* бидејќи државата, која ги прифаќа како дискурс, треба да работи на нивно остварување, односно за да добијат тие специфична содржина во рамките на конструираниот дискурс, нивното остварување се оценува врз основа на (повеќе или помалку) објективни и критериуми кои може да се верификуваат.

Од друга страна, пак, *примордијалниот* дискурс на вредности е оној кој реферира на пристапувањето кон ЕУ како на цивилизациски чин на враќање кон дадениот (предодредениот) идентитет или поинаку кажано, Македонија е неразделен дел од обединета Европа во цивилизациска смисла и дека таму природно припаѓа. Овој дискурс реферира на вредностите како дадени, веќе предодредени и неподложни на никаква промена или конструирање, на природна и цивилизациска припадност во Европа како збир од вредности, практики, држави, култури и сл.

• **Дискурс на придобивки за граѓаните** – Содржината на дискурсот на придобивките од членството во ЕУ ги отсликува конкретните финансиски и други придобивки кои граѓаните на Македонија можат да ги стекнат во текот на пристапувањето во ЕУ и / или со членството во оваа структура. Како пример за дискурсот на придобивки можеме да ги наведеме: податоците за тоа колку пари од претпристапната програма на ЕУ, ИПА, ѝ се достапни на Македонија за развој на земјоделството, ветувањето за визна либерализација и слободно патување, изнесувањето на можностите за мобилност на младите низ Европа и сл. Клучната цел на овој дискурс е да ја приближи ЕУ кон обичните луѓе и притоа, го дефокусира наративот за ЕУ од апстрактните вредности и големите теми, како геостратегијата и високата политика. Ваквиот дискурс одговара на прашањето: „Што имам (или можам да имам) јас од ЕУ?“ Во таа смисла, дискурсот им покажува на граѓаните едно конкретно (можеби и лукративно) лице на ЕУ и им помага да го препознаат личниот и / или групниот интерес што можат конкретно да го почувствуваат на своја кожа.

• **Дискурс на стандарди (реформи)** – Дискурсот на стандарди, како препознатливост на системот на ЕУ, всушност, ги опфаќа прашањата кои треба да бидат двигател на реформите. Овој дискурс зазема побирократски став кон пристапувањето во ЕУ, интерпретирајќи ги европските интеграции како процес на прифаќање серија норми и стандарди кои европските држави ги утврдиле, а кои, всушност, тие држави ги направиле добро уредени, функционални и просперитетни општества. Во таа смисла, пресликувањето на тие стандарди и правила во Македонија е единствената (или, во најмала рака, најдобрата)

оправдана реформска агенда која ги има ЕУ стандардите како клучна одредница при нејзиното утврдување. Пример за ваков дискурс е заложбата дека *фискалната политика ќе биде целосно во согласност со критериумите од Мастрихт поради потребата од приближување на политиките кон стандардите од ЕУ* или, пак, *либерализација на девизното работење заради негово усогласување со стандардите на ЕУ*.

Фактот дека и обете партии ги користат истите поддискурси при градењето на структурата на севкупниот дискурс за европските интеграции не значи дека нивните дискурси се еднакви. Напротив, доколку поблиску се анализираат, всушност, можеме да согледаме дека застапеноста на трите наведени нивоа на дискурс е со различен интензитет, но и со различен меѓусебен сооднос и поврзаност. Типовите дискурс рефлектираат и идеолошки разлики кои ќе се обидеме да ги одгатнеме во анализата. Аргументите следуваат во историскиот осврт за секоја од двете партии одделно.

### 3.1.1 ВМРО-ДПМНЕ

#### 3.1.1.1 Обединета Македонија во обединета Европа

Политичката програма на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година целосно го прифаќа дискурсот на вредности. Скромно покривајќи ја темата за европските интеграции, програмата се осврнува најпрво на еден примордијален дискурс претставен преку заложбата дека партијата ќе *работи на целосно духовно, политичко и економско обединување на македонскиот расparчен народ, на идниот обединет Балкан (балканска конфедерација) и* ***обединета Европа***.

Дискурсот на вредности се препознава и во заложбите на партијата за вредности кои недвосмислено се воспоставени со Копенхашките (политички) критериуми. Во таа смисла, ВМРО-ДПМНЕ ја декларира заложбата за: *слобода на говорот, слобода на печатот, слобода на организирањето, слобода на вероисповедта, рамноправност на половите, еднаквост пред судовите и социјална правда*.

#### 3.1.1.2 Македонија – цивилизирана европска држава

Многу посериозна и пообемна понуда на ВМРО-ДПМНЕ може да се сретне во програмата за парламентарните избори од 1998 година кога оваа партија беше победник. Во воведното обраќање на тогашниот партиски лидер Љубчо Георгиевски, не се спомнува ЕУ, но натаму во воведот се вели дека ВМРО-ДПМНЕ прва побарала влез на Македонија во ЕУ и во НАТО. Наведувајќи вакви тврдења, оваа партија, всушност, ги зема европските интеграции како важна референца за политичко дејствување и бара примат како партија која

прва побара евроатлантски интеграции како клучна заложба за надворешната политика на државата.

Дискурсот на вредности, кои може да се конструираат, се отсликува, пред сѐ, во делот на темелните вредности на партијата според кои таа ќе ја гради иднината: *граѓанско општество, слобода на говорот и на печатот, рамноправност на половите, независност на судството, неприкосновеност на сопственоста, слобода на здружување, слобода на вероисповед, реинтеграција на исламизираните Македонци, грижа за Македонците во странство, негување и развој меѓуетничките односи.* Во таа смисла, ВМРО-ДПМНЕ смета дека сѐ додека не се оствари основното човеково право, односно, слободата на говорот, во Македонија не може да има демократија. Крајната цел на програмата од 1998 година е *Македонија да влезе во XXI век како цивилизирана европска држава.*

Токму на оваа поента се надоврзува примордијалниот дискурс на вредности утврден во делот на програмата за надворешнополитичките односи на државата, каде ВМРО-ДПМНЕ кажува дека Македонија има *цивилизациска идентичност со Европа, и поради тоа, нашата политичка иднина и политичката иднина на нашите деца треба да ги бараме токму таму*.

Сепак, во оваа програма на ВМРО-ДПМНЕ не доминира дискурсот на вредности како во претходната. Имено, во 1998 година за првпат се спомнува дискурсот на придобивки поврзан со ЕУ интеграциите преку заложбата за *интензивирање на дипломатската активност за укинување на визите за македонските граѓани.* Дискурсот, кој доминира со програмата во делот за европските интеграции, е дискурсот на стандардите. Во програмата, ВМРО-ДПМНЕ ги елаборира задачите кои државата ќе ги има заради прифаќање на европските стандарди и заради хармонизација со ЕУ, покажувајќи свесност дека процесот за влез во ЕУ и во НАТО е тежок пат кој налага поддршка од целото општество. Во таа смисла, во програмата се вели дека ***зачленувањето во ЕУ и во НАТО е нашата стратешка цел***, а за остварување на таа цел, ќе се преземат бројни мерки, како што се, за илустрација: *утврдување на највисоките европски стандарди за развој на демократските процеси во Македонија (...) забрзување на процесот на хармонизација на законодавството на Р. Македонија со европското право и создавање соодветни административни структури за негово спроведување.*

### 3.1.1.3 Преродба во 100 чекори – кон идеалот за Европа

На парламентарните избори од 2006 година, ВМРО-ДПМНЕ направи комплетна трансформација на својата политичка доктрина и стратегија за односи со јавност. Тоа беше годината кога оваа партија промовираше визуелно ребрендирање

од црвено-црна, во портокалова боја, а програмата што ја промовираше како носечка за предизборната кампања ја нарече „Преродба во 100 чекори“.

Во воведното обраќање на претседателот на таа партија, Никола Груевски, се вели дека *ВМРО-ДПМНЕ денес е целосно подготвена да даде водечки придонес во обновата на единството на земјата, да биде промотор на нејзиниот нов развоен циклус, на нејзиниот економски напредок, да ја предводи новата етапа од развојот на националниот и културниот живот и идентитет како дел од Европа и европската идеја, да ја води Македонија во почетокот на градење вистински систем на вредности и да ја понесе Македонија во Европската унија и во НАТО*. Со овој конгломерат на вредности, стандарди и придобивки, партијата, всушност, испраќа порака дека европската агенда ќе има важна улога и ќе биде вградена во секоја димензија од нејзините политики. Оттука, па натаму, низ целата програма се спомнуваат пристапувањето и членството во ЕУ како клучни определби во сите области.

При исползувањето на дискурсот на вредности, ВМРО-ДПМНЕ ја задржува примордијалната нота, нагласувајќи дека:

> *... обединета Европа е идеалот кој ќе им обезбеди долготраен мир и економска благосостојба на сите европски народи, како и соработка врз основа на рамноправност и партнерство. Република Македонија, во цивилизациска смисла, е неразделен дел од Европа, таа е лулка на христијанската европска култура. Затоа, за нас нема други алтернативи, освен целосната интеграција во ЕУ. Република Македонија, историски, културно и географски, припаѓа во Европа.*

На таков начин, како **даденост** ја прикажува припадноста на Македонија кон Европа, а членството во ЕУ, како единствена алтернатива. За да ја поткрепи својата проевропска историја, оваа партија наведува во својата програма дека *претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија, со што беше направен крупен чекор во правец на евроинтеграцијата.*

Во однос на вредностите кои треба да бидат достигнати, програмата на ВМРО-ДПМНЕ утврдува дека *интеграцијата треба да се темели на следниве вредности: владеење на правото, почитување на човековите права и слободи, општествена правда и одговорност, еднакви права и можности за сите и солидарност.*

Во оваа насока, програмата на партијата се обидува да даде конкретно значење на вредностите, дефинирајќи ги како стандарди кои треба да се достигнат на ниво споредливо со оние во Европа. За таа цел, сликовито велат – очигледно, со намера да ја искритикуваат тогашната Влада на СДСМ – дека:

*Членството во ЕУ, за нас, не е пуштање сино-жолти балони. Членството во ЕУ за нас значи македонските граѓани да имаат стандард на живеење близок до европскиот. Односот меѓу бројот на вработените и невработените да е сличен како во Европа. Судството, образованието и здравството да се ефикасни како во Европа. Администрацијата да работи како во Европа. Демократијата и личните слободи да се загарантирани како во Европа.*

Кога се зборува за дискурсот на конкретни придобивки, програмата на ВМРО-ДПМНЕ ги наведува напорите за *што побрзо укинување на визите за македонските граѓани*. Исто така, важен дел од придобивките претставуваат наративот за странски инвестиции и нивното претставување како приоритет број еден низ целиот мандат на ВМРО-ДПМНЕ од 2006 година до денес. На пример, во таа смисла се нагласува:

*Нашата цел е Македонија да стане главен извозник на софтвер и регионален центар за аутсорсинг за земјите од ЕУ. Во привлекувањето вакви компании, треба успешно да се „продаде приказната" дека Република Македонија не е пазар од 2 милиона граѓани, туку пазар од над 500 милиони жители.*

Во збирот придобивки за граѓаните од членството во ЕУ (и во НАТО), се наведуваат можностите за земјоделците, односно, дека *по усогласување на регулативата со законодавството на ЕУ, Македонија ќе почне да добива средства од **САПАРД Програмата на Европската комисија***. Во делот на одбраната и на безбедноста, пак, се вели дека *членството во НАТО ќе значи обезбедување трајна безбедност и стабилност. Идејата за обединета Европа нема да може да се реализира без учество на сите земји од регионот и пошироко.*

Сепак, најмоќниот дискурс на оваа програма на ВМРО-ДПМНЕ е оној кој се занимава со стандардите и правилата од ЕУ кои треба да се прифатат. Ваквиот дискурс во оваа програма е далеку подетално разработен во однос на оној од 1998 година, а самиот начин на кој се врамуваат вредностите и придобивките наведува на стандарди и норми (регулативи, директиви и сл.) кои треба да се исполнат со макотрпна работа за да се остварат овие вредности и придобивки. Овој пристап најдобро се отсликува преку определбите од програмата во кои се вели дека *веруваме дека нема лоши закони, туку закони што не се применуваат. Патот кон ЕУ води преку реална имплементација на прописите, а не само преку демагошки заложби и празни ветувања*. Ваквиот пристап преовладува во покривањето на програмските области како што се: економски раст, енергетика, надворешни работи и односи со соседите, добро владеење и борба против корупцијата, правда и внатрешни работи, образование, заштита и унапредување на животната средина и политички систем.

### 3.1.1.4 Преродбата ќе продолжи но...

Предвремените парламентарни избори во 2008 година донесоа пресврт во дискурсот кој ВМРО-ДПМНЕ го промовираше за прашањата поврзани со европските интеграции. Клучен настан, кој беше повод за распишување на овие избори, беше ветото кое Грција го вложи за зачленувањето на Македонија во НАТО на Самитот во Букурешт во април 2008 година. По овој настан, решавањето на проблемот со името со Грција стана официјален услов за членството на Македонија во НАТО, а можеше да се насети дека ќе стане дел и од условеноста за почеток на преговорите со ЕУ. Таквата атмосфера на пораз во Македонија резултираше со предвремени парламентарни избори распишани на иницијатива токму на ВМРО-ДПМНЕ. Овие настани неизбежно се пресликаа на структурата на дискурсот во предизборната програма.

Внимателната анализа на програмата води до заклучокот дека вредностите, особено оние примордијалните, каде се нагласува дека Македонија цивилизациски припаѓа на Европа, целосно отсуствуваат од оваа програма. Впрочем, во целост, вредностите се минорно застапени, а целата програма се фокусира на успесите на Владата во исполнувањето на стандардите зададени од ЕУ и на придобивките кои граѓаните ќе ги имаат од ЕУ.

Во воведниот дел од обраќањето на премиерот Груевски се вели дека *преродбата ќе продолжи со обидите и напорите за што е можно побрз влез на Република Македонија во ЕУ и во НАТО.* Членството во ЕУ и во НАТО е спомнато во петте приоритети за надворешната политика, но исто така, се спомнуваат и Самитот во Букурешт и ставот дека само поради ветото од страна на Грција, не сме дел од НАТО. Во таа смисла, ВМРО-ДПМНЕ го дефинира ставот кој опстојува до 2014 година: дека ВМРО-ДПМНЕ нема да прифати промена на уставот со цел промена на уставно име или, пак, промена на македонскиот идентитет или јазик.

Како нова одредница во надворешната политика се наведува дека *Република Македонија ќе гради пријателски и партнерски односи и со **Русија** и со **НР Кина**, како на политички така и на економски план*, но исто така, како вистински пријатели на Македонија беа издвоени државите кои особено се залагаа за влез на Македонија во НАТО токму на Самитот во Букурешт, велејќи дека *во минатиот период, Република Турција и Република Словенија во повеќе наврати, со конкретни чекори и политики, потврдија дека се искрени пријатели и партнери на Македонија од посебно значење, и затоа, тој однос понатаму ќе се негува.*

Дискурсот на придобивки повторно е ставен во прв план – се нагласуваат визната либерализација, пристапните фондови, како ИПАРД, животната средина и инфраструктурните проекти финансирани од ЕУ. Преовладуваат квантитативното прикажување на придобивките во суми достапни преку

претпристапните фондови на ЕУ и наведувањето конкретни проекти од кои граѓаните можат да очекуваат добивка.

За визната либерализација, пак, како најголема добивка која треба да се случи за граѓаните, ВМРО-ДПМНЕ вели дека тие ги исполниле техничките критериуми за олеснет визен режим со државите од Шенген зоната, кој стапи сила на 1 јануари 2008 година, и започнале преговори за целосна либерализација, за кои очекуваат успешно да завршат до крајот на 2008 година, а консеквентно на тоа, очекуваат одлука на ЕУ за укинување на шенген визите.

Дискурсот на стандарди најдобро се вклопува во наративот на ВМРО-ДПМНЕ дека сите стандарди се исполнети од Македонија, но спорот за името може да биде пречка која на подолг рок ќе ја задржи државата надвор од ЕУ. За таа цел, дискурсот, како и кај придобивките, доминира со квантитативни бројки на усвоени закони, обезбедени финансиски средства и остварени проекти. Отчетот за усвојување на стандардите опфаќа податоци како што се, на пример, *усвоени се над 140 закони од ЕУ агендата од страна на Владата (...) воспоставен е децентрализиран систем за користење на претпристапните* ***ИПА-фондови*** *од ЕУ.* Како главна цел го најавуваат добивањето датум за претпристапни преговори со ЕУ во текот на 2008 година, преку успешно исполнување на 8-те репери (benchmarks) доставени од Европската комисија.

Дискурсот на вредности добива мало место, со значително помалку конкретна содржина од претходните политички програми на ВМРО-ДПМНЕ. Така, вредностите се третирани во делот *демократија,* при што се вели: *ВМРО-ДПМНЕ верува дека социјалниот дијалог, заедно со функционалното претставување на интересите на различни групи во општеството и силното граѓанско општество, се столбови на развојот на демократијата и на економскиот развој на државата. Принципите на отчетност и транспарентност се начела без кои не може да се замисли функционирањето на институциите на системот во кое било демократско општество. Времето кога институциите гледаа во медиумите пречка во своето работење е зад нас. Јавноста има право да знае!*

### 3.1.1.5 До Брисел преку Хаг

Фрустрацијата од дополнителната условеност од Грција за решавање на спорот околу името на Македонија како услов за почеток на преговорите со ЕУ дополнително го зацврсти дискурсот на стандарди. Во таа смисла, во воведното обраќање на Груевски, кое е дел од програмата за парламентарните избори од 2011 година, тој вели: *денес, Република Македонија е држава која ги исполнува условите за членство во Европската унија и која ги исполнува сите стандарди и критериуми за полноправно членство во НАТО*. Во петте стратешки приоритети за периодот 2011 – 2015 година, се спомнува интеграција на Република Македонија во ЕУ и во НАТО.

Во структурата на дискурсот на оваа програма уште понагласено доминираат квантитативните податоци за достигнувањата во усвојувањето на стандардите и за овозможувањето конкретни придобивки за граѓаните од процесот на пристапување кон ЕУ. На пример, во однос на придобивките, кај финансирањето на земјоделството се нагласуваат достапните средства и кредити преку ИПАРД програмата (три милиони евра неискористени средства или фонд од 4,5 милиони евра за набавка на трактори и сл.) или, пак, кај автопатите, се потенцира проектот Демир Капија – Смоквица, вреден 270 милиони евра.

Како рамковна позиција во врска со задачите од усвојувањето на ЕУ стандардите, во програмата на ВМРО-ДПМНЕ се вели: *продолжуваме да бидеме фокусирани на усвојување на законодавството на ЕУ и на негово имплементирање кое е потребно не само како критериум за членство на РМ во ЕУ туку и за приближување на европските стандарди и вредности во насока на подобрување на животот на македонските граѓани.* Областа во која покажале најдобар резултат и *револуционерни промени*, со *донесени 22 нови закона за усогласување со правото на ЕУ*, е судството.

За да се заобиколи кризата во односите со ЕУ, во својата програма ВМРО-ДПМНЕ предвидува проекти кои треба да го подобрат јавниот имиџ на ЕУ, како и да ги подигнат знаењето и свеста на граѓаните за ЕУ. Прашање е каков ефект би имале ваквите проекти во силно поларизирана атмосфера кон ЕУ и кон нејзината условеност, но програмата опфаќа неколку такви проекти, како на пример: ***Ало ЕУ***, ***Учиме за Европа без граници, Македонско лоби во ЕУ, Учиме за ИПАРД,*** итн. Во програмата се наведуваат и други конкретни инфраструктурни проекти кои ќе бидат кофинансирани од ЕУ фондовите.

Дискурсот на вредности и овој пат е стеснет на неколку принципи кои треба да ги дефинираат демократскиот карактер на државата и нејзината определба во надворешната политика. Во таа смисла, во програмата се вели дека *основната мисија на македонската надворешна политика се афирмација и промоција*

*на **Република Македонија како современа и стабилна демократска земја,** како и заштита на државните и интересите на македонските граѓани во странство.* ***Зачленувањето на Република Македонија во Европската унија и во НАТО останува главната надворешнополитичка цел на ВМРО-ДПМНЕ и стратешки приоритет на државата.*** Повторно, како пречка за влез во НАТО и за отпочнување на преговорите со ЕУ се спомнува само проблемот со името. Се спомнува и пресудата од Хаг која беше во полза на Македонија, а не се ефектуираше при решавањето на спорот со Грција.

Во однос на демократските принципи, се наведува дека ***цврсто стоиме на заложбите за: владеење на правото, независност на судството, пазарна економија и меѓуетничка толеранција, кои се заеднички македонски и европски вредности.*** Во програмата се спомнува дека Македонија ги исполнува условите за започнување преговори со ЕУ и дека доказ за тоа се двата позитивни извештаја од 2009 и од 2010 год. **Се спомнуваат и стратешки партнерства и добри односи со сите соседи, како и продолжување на добрите односи со САД**. Дополнително, се спомнува дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за продлабочување на пријателските односи со **Руската Федерација** и со **НР Кина** преку потпишување договор за партнерство и соработка. Натаму, ќе се негуваат и ќе се зацврстуваат многу добрите билатерални односи на Република Македонија со **Турција** и со **Словенија**, како и со **Полска** која во последно време е вистински пријател на Македонија. Спротивно на досегашните практики и приоритети, се споменува проширување на дипломатската мрежа во: **Бразил, Токио и Казахстан.**

Конечно, во делот за демократијата, содржината на дискурсот се сведува само на флоскули, без јасно дефинирање на значењето на овие принципи во македонскиот контекст. За илустрација, во програмата се утврдува дека *правото и слободата на изразување се највисоки вредности на демократското општество. Почитувањето на плурализмот на идеите и ставовите кои придонесуваат за јакнење на правната држава, на демократијата и на цивилното општество, овозможуваат контрола на власта, ги бранат и ги промовираат човековите права, достоинството и слободата.*

### 3.1.1.6 Од семејството не се откажуваме

Во изборната програма за предвремените парламентарни избори од 2014 година, ВМРО-ДПМНЕ немаше голема промена во севкупниот дискурс за европските интеграции во однос на претходната програма од 2011 година. Интеграцијата во ЕУ и во НАТО остана меѓу првите стратешки цели на оваа партија. Сепак, главната одредница во програмата на ВМРО-ДПМНЕ останува неправедноста

кон Македонија во однос на спорот за името со Грција, и по пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг која била, како што велат, во корист на Македонија. Комплетниот однос кон ЕУ интеграциите се отсликува во следниов пасус:

> *Како земја која го почитува меѓународното право, Македонија започна правен случај против Грција пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг. Овој највисок судски орган на Обединетите нации пресуди во декември 2011 година дека јужниот сосед ги прекршил меѓународно преземените обврски од Времената спогодба со блокадата на македонското членство во НАТО во 2008 година. Воедно, ги отфрли и сите обвинувања против Република Македонија кои нашиот сосед ги изнесе како изговор за прекршувањето на преземените обврски. Со тоа, стана јасно дека меѓународното право е недвосмислено на страната на Република Македонија во поглед на неправедно наметнатиот билатерален спор кој е злоупотребен за бесправно попречување на интеграциските процеси во ЕУ и во НАТО.*

Единствен новитет во пристапот кон дискурсот на вредности на ВМРО-ДПМНЕ во 2014 година е што одговорот на оваа неправда кон Македонија од ЕУ е претставен со примордијален дискурс на вредности, при што се вели дека *ВМРО-ДПМНЕ, и покрај ваквите наметнати пречки, останува силно посветена на процесот на интеграција во семејството во кое припаѓа политички, културно и економски.* Зборот *семејство*, всушност, симболизира примордијален однос на Македонија кон ЕУ и желба на партијата да укаже дека и покрај препреките со кои се соочува, таа не се откажува од „семејството“ бидејќи со него сме, како држава, исконски поврзани и таму природно припаѓаме. Овој примордијален дискурс се враќа по неколку циклуси на негово избегнување во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, веројатно, како единствен начин да им се објасни на гласачите зошто Македонија продолжува на патот кон ЕУ, иако таму има огромни наметнати пречки.

Сите останати прашања од ЕУ интеграциите се врамуваат во дискурсот на стандарди и во дискурсот на придобивки за граѓаните.

## 3.1.2 СДСМ

### 3.1.2.1 Ние сме иднината на европското лице на Македонија

За разлика од ВМРО-ДПМНЕ, која во 1990 година стартуваше како нова политичка партија која имаше можност одново да гради ставови, практики и политичка програма, СДСМ во 1990 година сè уште не беше целосно трансформирана од Сојузот на комунисти на Македонија (СКМ), како политичка структура којашто неколку децении ги држела политичкиот и партискиот монопол. Токму затоа, за првите плурални парламентарни избори во Македонија во 1990 година, СДСМ сè уште го имаше името СКМ, со додавката ПДП која означуваше Партија за демократска преобразба. Партијата СКМ-ПДП имаше тежок политички товар (но и капитал) од времето на еднопартискиот систем, и новата политичка понуда во изменетите глобални и локални услови требаше да ги отсликува новото време, но и визијата на оваа партија за тоа како треба да се развива Македонија во посткомунистичкиот период. Ваквиот контекст има клучна улога во обликувањето на партиската предизборна програма на СКМ-ПДП, и тоа е призмата која треба да ја имаме на ум за целото време при анализата на оваа програма.

Во својата програма од 1990 година, СКМ-ПДП ја нагласува својата определба за *радикално раскинување со минатото*, а уште при воведното обраќање на тогашниот претседател на партијата, Петар Гошев, како клучна порака служи тврдењето дека програмата нуди *политика што гарантира демократска преобразба на Македонија* и трансформација на стариот систем во новото време. Како клучна идеологија на партијата се промовира *социјалдемократијата – слобода, правда и солидарност*, додека наративот е исклучително либерален и повикува на ослободување од стариот систем, од старите навики и приближување кон Европа.

Ваквата желба за дистанцирање од досегашната програма и пристапот на оваа партија, како и волјата да се претстави како политички субјект кој сака да се трансформира себеси и државата преовладува во сите делови на програмата. Во таа смисла, на многу места се препознава прифаќање на дискурсот на вредности, а многу помалку, конкретни придобивки. Дискурсот на стандарди се задржува на одредено ниво, но е толку конкретно како вредностите и нивното презентирање во прв план како доказ за трансформација.

Во оваа програма особено доминираат дискурсот за демократските вредности и ветувањето за демократска преобразба. На пример, во програмата се вели дека *граѓанинот е основен субјект на системот (...) правната држава е*

*гаранција за демократска власт и за слободен развој на повеќепартиски политички живот (...) никој нема да биде над законот (...) поделбата на власта гарантира спречување диктатура или безвластие.* Натаму, во програмата постои јасна доза самокритика при укажувањето на досегашните практики како погрешни и надминати. На пример, се вели дека *политичката култура и толеранцијата се услов за демократска држава (државата, од идеолошка творба, да стане систем на институции што гарантираат човекови права и слободи) (...) рационална, ефикасна и стручна управа е услов за модерна држава и задоволен граѓанин (деполитизација, граѓански сервис) (...) СКМ-ПДП се залага за демократска заштита на правата на граѓанинот и против политичката полиција (модернизација на СВР и јакнење на довербата) (...) против штетните политизации со ЈНА (...) со локална самоуправа против општинската затвореност и бирократија (против општинската држава, против федерација на општини).*

Во смисла на поврзувањето на европските интеграции со вакви конструирани вредности, во програмата на СКМ-ПДП се прави јасна врска меѓу спроведувањето на европските стандарди со остварувањето на вредностите кои се заеднички за државите од ЕУ. На пример, во делот од програмата „Европска Македонија – Македонија во Европа" се вели дека треба:

> ... ***да се доближиме до Европа за да се доближи таа до нас*** *(промените во политичкиот и во стопанскиот систем и динамичниот стопански и културен развој на Македонија се гаранција животот да стане европски, а Европа, наш заеднички дом). Таа цел не можеме веднаш да ја оствариме во сите подрачја. Но, можеме да оствариме брзи приближувања до европските стандарди на живот, што ќе биде и мера за оценување на нашата политика. Затоа се нужни коренити промени во сите области на нашето живеење.*

Интересен примордијален тон добива дискурсот со кој практично му се угодува на еден од најголемите македонски митови за обединување на македонскиот народ од сите делови на Македонија. Имено, во програмата може да прочита дека *само преку обединета Европа е можно вистинско културно и економско поврзување на сите делови на македонскиот народ. Интерес на сите балкански народи е преку регионално поврзување, да се подготват за обединета Европа.* Интересно е што токму истиот аргумент доминира во албанскиот дискурс за европските интеграции (види подолу): дека албанскиот народ од целиот Балкан ќе се обедини во еден културен и економски простор само во ЕУ каде границите го губат своето значење.

### 3.1.2.2 Стабилизација и нормализација – постапно во Европа

Програмата на веќе преименуваната партија (од СКМ-ПДП, во Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ) изгледа значително поразлично после четири години на власт во време на градење на институциите на независна Македонија, тешка економска криза и војни во соседството и неизвесна судбина на целиот регион.

Програмата на СДСМ за парламентарните избори од 1994 година веќе нема големи ветувања и далечни идеали како претходната. Како главен успех во нивниот мандат на власт го прикажуваат одржувањето на мирот, безбедноста и стабилноста, а одржувањето на нормалноста во дадените услови преовладува како мотив во целата програма. *Стабилизација* претставува, исто така, еден од клучните зборови во целата програма. Приоритети во политиката на тогашната Влада се меѓународното признавање на Македонија, зачувувањето на територијалниот интегритет и на името. Во своите определби и прикажани резултати, говорат за преземени радикални чекори за економската и социјалната стабилност, за посовремено законодавство, но и за ефекти кои се очекуваат да дојдат на подолг рок. На таков начин, се обидуваат да го амортизираат незадоволството на граѓаните од тешките услови за живот и ги повикуваат на трпение.

Изненадувачки, во програмата нема посебен дел кој ги покрива односите со ЕУ, а ова прашање се покрива во делот за надворешната меѓународна афирмација на Македонија. Таму, заложбата за ЕУ интеграции се отсликува како голема цел до која треба да се стаса постапно, преку усвојување бројни стандарди и приспособувања (дискурс на реформи и стандарди). Во програмата се вели дека:

> *Нашата стратешка цел е Македонија да биде целосно вклучена во европските и во светските интеграциски процеси. Во таа насока, цел за СДСМ е зачленувањето во Европската унија. Оваа цел ќе ја оствариме преку* ***постапни приспособувања****, при што, нашата прва задача е потпишување спогодба за соработка со Европската унија, а потоа, и асоцијативно членство во Унијата. По овие чекори, треба да уследи наше полноправно членство во Унијата,* ***во првата декада на идниот век***.

Сепак, од овие зборови јасно се заклучува дека за овие прашања веќе нема еуфорија ниту, пак, се ветуваат брза интеграција во ЕУ и европски стандарди на сите полиња (како што беше во 1990 година).

Останатите прашања врзани за европските интеграции се отсликуваат во програмата низ процесот на демократизација на државата и низ дискурсот на вредности кон кои се стреми Македонија. На пример, во делот за развојот на демократијата и за функционирањето на правниот поредок, се повикуваат на

конкретните мерки кои ќе се преземат за довршување на правниот систем кој се однесува на гаранциите и на заштитата на човековите права (ново кривично законодавство, елиминирање на правните празнини, заштита на правото на сопственост и личниот имот, донесување закон за народен правобранител, зајакнување на автономијата на цивилното општество и граѓанскиот и политичкиот плурализам и сл.). Сите овие заложби ги наведуваат како начин за поставување на вредностите на индивидуализмот и на либералната демократија во средиштето на развојот на политичката култура.

### 3.1.2.3 Да ја вратиме Македонија на вистинскиот колосек

Програмата на СДСМ за парламентарните избори од 2002 година е креирана во постконфликтен контекст, нецела година по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор кога Македонија е длабоко поделена по етнички и по партиски линии, а тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ влезе во отворен конфликт со меѓународната заедница и со западните држави, обвинувајќи ги за поддржување на воениот конфликт во Македонија. Токму затоа, големите ветувања за подобар живот, враќање на државата во нормална состојба и за повторно поврзување со Европа и со светот се клучните поенти на оваа програма. Главната претпоставка во целата доктрина на оваа програма е дека Македонија е надвор од нормалниот колосек, исфрлена од сите текови и растурена во сите области на политиките.

Дискурсот на вредности има силен одек во програмата на СДСМ од 2002 година, каде на самиот почеток тие се декларираат како „европски социјалдемократи“. Настапувајќи од таа позиција, тие бараат *консензус за ЕУ* кој значи дека Македонија, како *мала држава со огромни проблеми*, треба да има заедничка стратегија за забрзување на процесот на интегрирање. Во таа смисла, СДСМ ја гледа Македонија како многу поцврсто поврзана со Западна Европа, а гарантира дека за 4 години ќе може слободно да се патува низ Европа со македонски пасош.

Ваквиот став се надградува во делот за надворешната политика каде се вели дека Македонија е една од најизолираните држави во Европа и е компромитирана на меѓународен план. Како решение, се нудат забрзана интеграција во ЕУ и во НАТО, соработка со соседите, стабилизација на регионот, враќање на сигурноста, ширење на пошироката регионална стабилност, враќање на кредибилитетот на Македонија кај меѓународната заедница. Со просветителски тон, во програмата се апелира дека Македонија мора да бара сојузници во време на глобализација, и тие, како идна влада, нема да вршат државна пропаганда против САД, ЕУ и НАТО, како јасна алузија дека тоа го правела тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ.

Во оваа програма, дискурсот на придобивки и оној на стандарди се комбинираат и доминираат само во делот за економските прашања и за развојот на државата. Заложбите на СДСМ во тој дел се, на пример, *унапредување на трговските односи со „земјите од ЕУ“ поради фактот што на нив отпаѓа половина од вкупната размена (...) проект за финансиска поддршка на земјоделството во согласност со Спогодбата со ЕУ (...) приспособување на градежништвото кон европската регулатива, стандарди и практики (...) употреба на почисти, потивки и поекономични возила – горива според европското законодавство, технички преглед според директивите на ЕЗ.*

## 3.1.2.4 Македонија ѝ треба на Европа

Владата на СДСМ, во периодот 2002 – 2006 година, ја имаше „европската агенда“ на врвот од политичките приоритети, а клучните луѓе во политичката гарнитура беа распределени во ресорите кои работеа на исполнување на европските стандарди и на унапредување на односите со ЕУ. Брзиот пат кон ЕУ беше лајтмотив во кампањата за парламентарните избори во 2006 година, а како најголем успех и признание за напорите на Владата беше прикажан статусот кандидат за членство во ЕУ со кој Македонија се стекна во декември 2005 година. Согласно тоа, програмата на СДСМ од 2006 година изобилува со содржини за ЕУ на сите нивоа на дискурсот.

Имено, во воведното обраќање на тогашниот лидер на СДСМ, Владо Бучковски, се вели дека *Македонија ѝ треба на Европа, и поради тоа, Европа ни ги отвора портите*, а Македонија повеќе не е дел од проблемот, туку од решението за светскиот мир. За прв пат, во програмата на СДСМ се препознава во еден мал дел од примордијалниот дискурс на вредности според кој Македонија е цивилизациски и природен дел на Европа. Сепак, дискурсот на вредности преовладува и во смисла на стабилизирање на државата и во смисла на принципите кои мора да се достигнат низ процесот на европеизација. За илустрација, во програмата се спомнува дека *европскиот лик е единствена цел; Македонија докажа дека почитува систем на вредности и норми кои денес ја претставуваат основата на Европската унија; градењето европска Македонија започна од темел; се вративме на вистинскиот, европски колосек; симбол на проевропски пристап – позитивен, активен и обединувачки.* Традиционално, секоја партија на власт не се осврнува премногу на дискурсот на вредности поврзани со демократизацијата, па така, во оваа програма на СДСМ, таквите прашања само се набројуваат како важни (човекови права, демократија и владеење на правото за подобра, попросперитетна и европска Македонија; човекови права и слободи, како и отворено општество; реформирано судство за ЕУ и за НАТО).

Дискурсот на стандарди, надополнет со дискурсот на придобивки (на пример, *нов статус во ЕУ – нови можности*), доминира во деловите на програмата кои се занимаваат со: економијата, животната средина и здравството. Во таа смисла, се спомнуваат зголемените капацитети на администрацијата за европски интеграции (Секретаријатот за европски прашања, како препознатлив тим), кампањата „И сонцето е ѕвезда“, но и стандардите воведени за заштита на конкуренцијата, царината, банкарската регулација, заштитата на храната и сл. Како големи можности се наведуваат ЕУ фондовите за помош, а како принципи на власта се промовираат: квалитетот, континуитетот и доследноста.

### 3.1.2.5 Еден „мал“ чекор нè дели од успех

Во 2008 година, контекстот во кој се одржуваат изборите е крајно неповолен за безусловен проевропски дискурс. По ветото на Грција за влез на Македонија во НАТО, се насетува дека проблемот со името ќе стане дел од условеноста на ЕУ за почеток на преговорите за членство со Македонија. ВМРО-ДПМНЕ распишува предвремени парламентарни избори во екот на фрустрацијата на целата јавност од неуспехот во Букурешт. СДСМ настапува со план доколку победат на изборите, за шест месеци да го решат спорот со Грција, а за 48 месеци да ја воведат Македонија во ЕУ. Токму затоа, програмата се фокусира повеќе на политички прашања и на дискурсот на вредности, а на нејзиниот почеток стои реченицата: *Еден мал чекор нè дели од успех*.

Дискурсот за стабилноста и сигурноста, како клучни вредности и придобивки, повторно се враќа на политичкото мени на СДСМ, со имплицирање дека ВМРО-ДПМНЕ повторно нè исфрлил од нормален колосек и од вистинската насока на развојот. Затоа, во отсликувањето на идејата за европските интеграции, се повикуваат на термини како *семејство на најбезбедни, најбогати, да ги оставиме неизвесностите и несигурноста зад нас и да тргнеме напред рамо до рамо со најнапредните, најслободните и најуспешните (...) Европа ги цени нашите добри страни (...) интеграција, а не изолација*. Десетте определби на програмата ги отсликуваат дискурсите на вредности и придобивки, но за првпат се наметнуваат во контекст на придобивките – дискурс за штетата која би ја претрпеле доколку не продолжиме по патот кон ЕУ (определбите се: идентитет, политичка стабилност, НАТО и ЕУ, економски прогрес, стандард, образование, здравство, пензии, земјоделство, квалитет на живот).

Во дискурсот на (конструирани) вредности, СДСМ ги потенцира растечките проблеми со кои се соочува Македонија на ова поле, предупредувајќи дека благосостојба може да има само со демократски политички институции. Во таа смисла, на пример, се спомнуваат: лошата кохабитација меѓу премиерот

и претседателот на државата, Собранието како гласачка машина, сериозниот притисок врз судството, врз обвинителството и врз медиумите, користењето на полицијата и на тајните служби за заплашување на противниците и сл.

### 3.1.2.6 Македонија не смее да ги менува целите на крајот од трката

По убедливата победа на ВМРО-ДПМНЕ на изборите во 2008 година, односите на политичката сцена значително се заостри ја, а политичките партии сфатија дека проблемот со името има значително влијание врз дискурсот за европските интеграции и дека ЕУ, како крајно позитивна референца за политичко дејствување, веќе е ставена под знак прашање и опаѓа, а проевропските сили неретко се означени од провладините медиуми како предавнички. Од таа причина, во 2011 година, СДСМ го ублажи крајниот проевропски дискурс, а вредностите и стандардите во функција на подобар живот (придобивки) станаа формула за промоција на нејзините политички ставови и понуда.

Дискурсот на вредности е засилен, особено со приказ на нивната загрозеност од власта и на потребата од нивната заштита. Така, на пример, конструираните демократски вредности се претставени со повик *да се стави точка на политиката која ја души слободата, ги ништи нашите перспективи и која донесе страв и рекордна сиромаштија. Македонија бара промени за да раскрсти со моќниците кои владеат со кавги и поделби и кои сакаат да контролираат се економијата, медиумите, нашите животи.* Загрозените вредности се многу посилен мотив за политичко дејствување отколку заложбата за зачленување во ЕУ која и онака е означена како непосакувана од власта.

Во делот за идентитетот и за достоинството, програмата на СДСМ утврдува *вградување и почитување на македонскиот идентитет во европскиот идентитет преку влезот на Република Македонија во европското семејство на народи*, како и дека се залага за *културен натпревар со другите држави во рамките на европското семејство*. Дискурсот на стандарди игра значајна улога во оваа програма на СДСМ, пред сѐ, во третирањето на конкретните политики и области како што се: економскиот развој, странските директни инвестиции, даночната политика, земјоделството, животната средина, јавната администрација, но и почитувањето на стандардите за слобода на изразување и на медиумските слободи според праксата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

### 3.1.2.7 Европските интеграции се внатрешна политика

Во 2014 година, повторно беа распишани предвремени парламентарни избори, а односите меѓу власта и опозицијата беа во длабока криза која се отслика и во предизборните програми на партиите, но и врз целокупниот предизборен амбиент. Дополнителна поларизација и оптоварување на атмосферата предизвика и фактот што истовремено со предвремените парламентарни избори се одржуваа и редовни претседателски избори.

Програмата на СДСМ за предвремените парламентарни избори во 2014 година се обидува да направи две крупни промени во целокупната парадигма за политиката, но и за европските интеграции. Најпрво, СДСМ ја промовираше програмата под мотото „Промени за нов почеток“, со цел да се претстави како реформирана партија со: ново раководство, нови луѓе на изборните листи, нова програма и, всушност, целокупна нова политичка понуда. Натаму, интересна промена на парадигмата е што за прв пат, во програмата на партијата се наведува дека *членството во ЕУ, од прашање на надворешната политика, ќе стане прашање на внатрешната политика бидејќи реформите што мора да се спроведат навлегуваат во секоја пора на општеството*. Во таа смисла, парадигмата дека ЕУ е дел од надворешната, меѓудржавна политика, дека ние итаме, како држава, да влеземе во ЕУ и затоа ни се наметнати некои стандарди, кои мораме да ги спроведуваме, значително се менува со парадигмата дека реформите од ЕУ допираат до целото општество и, всушност, се нераскинлив дел од внатрешната политика, а тоа значи интернализација на целокупниот дискурс за ЕУ интеграциите.

Како резултат на оваа промена во парадигмата, се случи и промена во релациите меѓу дискурсот на вредности, оној на придобивки и оној на стандарди. Имено, дискурсот на придобивките и дискурсот на стандардите значително се поставуваат на едно конкретно (приземно) ниво без големи ветувања. Уште поважно, сите придобивки или стандарди (од спроведување на стандардите на Европскиот суд за човекови права во процесот на лустрација, па до помош на компаниите и на универзитетите за пристап до европските фондови за конкурентност и иновации) секогаш се прикажани во функција на еден подлабок вредносен процес – европеизацијата.

Овој термин, европеизација, досега не се споменува во програмите на политичките партии или барем не во оваа смисла како клучен процес (дури и дискурс на вредности) на кој другите два дискурса му се подредени. Примордијалниот дискурс на вредности сосема е избегнат во оваа програма. Како поткрепа на претходните тврдења, може да се наведат определбата во програмата дека *европеизацијата на општеството ќе се одвива паралелно со реформите*, а истовремено и дека *европската помош ќе биде ставена во*

*функција на европеизацијата на целата држава*. Всушност, европската агенда во програмата на СДСМ е отсликана како еден рационален и конкретен процес на европеизација во чија полза се прифаќаат стандарди во одредени области на јавни политики и се овозможуваат придобивки за граѓаните и за различни целни групи во општеството.

## **3.2** ЕТНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКИ ВО ОДНОС НА ДИСКУРСОТ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ

Од анализата на партиските програми и на интервјуата што ги направивме со претставниците од најголемите македонски и албански партии, можеме да заклучиме дека имаат голем број сличности, но и некои суштински разлики во ставовите во поглед на очекувањата од пристапувањето и на разбирањето на поимот „европеизација“. Накратко, разликите не се во идентификувањето на целта, туку во начинот како да се дојде до неа, како и во дефинирањето на нејзината содржина, во истакнувањето одредени нејзини елементи на сметка на запоставувањето на останатите.

Од програмите на ДУИ, ја анализиравме *Платформата за единство, развој и интеграција од 2011 година*, која е единствената до која успеавме да дојдеме преку контакти со претставниците на оваа партија.

На самиот почеток на програмата, авторите го објаснуваат специфичниот идентитет на ДУИ како партија со етнички предзнак. Авторите објаснуваат дека партијата се борела против мајоризацијата, дискриминацијата и антидемократските вредности, кои, според авторите, биле дел од минатото. Како партиски принципи, ги претставуваат партнерството, политичкиот консензус и меѓуетничкиот дијалог како услови за стабилност на државата.

Во делот од програмата посветен на европските интеграции, провејува дискурсот на придобивки. ДУИ си ги припишува на своето конто како успеси визната либерализација и препораката за почеток на преговорите. Во однос на европските фондови, како најконкретна придобивка од европеизацијата на државата, програмата на ДУИ е најсодржајна меѓу анализираните програми – огромен дел од заглавието *Европската унија – партнер во развојот* е посветен на објаснување на придобивките од ИПА-фондовите и од Програмите на Унијата наменети за економски развој.

Општо земено, програмата на ДУИ е програма во која пристапувањето кон ЕУ е разбрано во најширока можна смисла – единствено во програмата на оваа партија, пристапувањето во ЕУ не е претставено како надворешнополитички приоритет, туку како дел од внатрешнополитичката агенда. *Во програмата е доминантен дискурсот на исконструирани вредности во кој европеизацијата*

*е претставена како идеал што треба да се постигне.* Сепак, пристапувањето честопати е интерпретирано како „лек за етничките прашања“. Илустративен пример за овој дискурс е поглавјето посветено на (како што го нарекуваат) „Охридскиот мировен договор“, во кое авторите тврдат дека:

> *Охридскиот мировен договор е основниот критериум за интегрирање на Македонија во НАТО и во ЕУ. Интегративните перспективи се тесно поврзани со успехот или неуспехот на внатрешното интегрирање кое се гарантира со принципите и духот на Охридскиот договор.*

Интересно е што во структурата на програмата поглавјето посветено на „евроатлантските интеграции“, всушност, е дел од големото поглавје „Заедничка држава и консензуална демократија“.Авторите на програмата ги оправдуваат, во духот на европските вредности, дури и своите предлози за нова јазична политика во државата: *Нашата* ***јазична политика*** *произлегува од мотото на Европската унија, кое гласи „единство во различностите“* (unity in diversity). Следниов цитат од програмата е парадигматичен пример за тоа дека за Албанците, европеизацијата на државата е, всушност, нешто што е илустрирано како предуслов за внатрешна интеграција на етничките Албанци во општеството:

> *За нас, Европа претставува заеднички дом и идеал за нашето политичко ангажирање (...) Факт е дека народите на Европа имаат поинакви културни карактеристики кои во текот на историјата ги развивале во разни политички и општествени услови. Но, исто така, факт е дека народите на Европа имаат и многу заеднички културни вредности кои предизвикуваат нивно хармонизирање во заедничкиот дом.* ***Како последица на тоа, за нас, Европа претставува заедница на различности која обезбедува заедничка перспектива за сите народи во Европа****. Ние ја гледаме Европа како еден интегриран регион со иднина која треба да се гради врз база на меѓусебна соработка и разбирање на народите.*

Во однос на пораките кои ги испраќаат до избирачите, а кои ги посочија во интервјуата, најголема разлика во однос на ставовите на ДУИ, парадоксално, може да се воочи кај ВМРО-ДПМНЕ. Во пораките што ги испраќаат претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, го наведуваат спорот со името како единствен проблем поради кој Македонија ги нема започнато преговорите за влез во ЕУ, наведувајќи дека и покрај тоа што правдата е на страната на Македонија, за што потврдува и пресудата на Судот во Хаг, тоа не е доволно за меѓународната заедница да застане во одбрана и да изврши притисок врз Грција. И покрај тоа што нивните приоритети се насочени кон зачленување на Македонија во ЕУ, со овој став, јасно ставаат на знаење дека во овој момент, тој процес е невозможен. Од друга страна, ДУИ ја гледа европската интеграција на Македонија како нешто

што било од пресудно значење за да почнат Албанците конечно да создаваат чувство на припадност кон државата и како нешто што конечно ќе ги поврзе Македонците и Албанците. Сметаат дека доколку тоа нешто не се реализира во периодот што следува, може да се појават идеолошки разлики помеѓу двата народа, што би можело да биде опасно за државата.

На различното гледање на европската интеграција, односно, како што се вели, „различниот дискурс“ на партиите со различен етнички предзнак, упатува и висок претставник на ДУИ:

*Кога говориме за европските пораки кои ги пренесуваме до нашите гласачи, треба да ја направиме разликата во дискурсот на македонската европска агенда и албанската европска агенда затоа што нашиот процес на наметнување на таа агенда течеше паралелно и со процесот на создавање чувство на припадност на Албанците кон државата. Тој процес успеавме да го наметнеме преку или низ големото ветување за интеграција на Македонија во Европската унија.*

Сите овие навидум контрадикторни разлики и ставови на Албанците и на Македонците, односно, различните наративи за пристапувањето не се случајни, туку се последица на специфичниот општествен и политички контекст. Овој феномен, освен вниманието на анкетарите и на политичките аналитичари, го привлекол и вниманието на научната јавност, а особено на ориентолозите и на антрополозите. Американскиот антрополог Василики Неофотистос (2008), во статијата насловена „The Balkans’ Other within: Imaginings of the West in the Republic of Macedonia“, заснована на емпириско теренско истражување, говори за два различни начина на замислување на „Западот“ чиј синоним е и „Европа“.

Од една страна, констатира Неофотистос, Македонците ја поистоветуваат Европа со економски придобивки и со политичко туторство. Натаму, особено во периодот на дестабилизација од почетокот на овој век, ова би подразбирало стабилизирање на државата и задржување на хиерархијата на моќ во Македонија. Претседателот Глигоров остана познат по своето тврдење дека Македонија е „оаза на мирот“, односно, олицетворение на европските вредности на Балканот зафатен со војни и разорувања. Оттука, етничките Македонци го конструираат и го претставуваат својот идентитет како близок до Западот и различен од идентитетот на Албанците, кој во очите на Македонците е претставен како близок на Ориентот. Антропологот Неофотистос го нарекува овој дискурс „Другиот на Балканот однатре“ (Balkans’ Other within). Според овој наратив, Македонија го има потенцијалот да стане дел од Западот доколку за тоа ѝ е дадена шанса.

Од друга страна, во конструираниот идентитет на Албанците, Западот и Европа претставуваат политички идеал кој симболизира еднакви права за сите луѓе, без разлика на нивните разлики. Според оваа перспектива, она што ја спречува Македонија да биде „вистински Запад“ е Другиот (Македонците) кој не се однесува „европски“. Овој дискурс Неофотистос го нарекува „Другиот на Македонија однатре“ (Macedonia's Other within). Според овој дискурс, ако на Албанците им е дадена шанса, оваа заедница има потенцијал да ѝ помогне на Македонија да стане „западна земја“, и тоа, преку создавање општество во кое тие не би биле граѓани од втор ред, односно, би уживале исти политички и граѓански права и слободи како мнозинството.

Освен репродукција на стереотипите за Балканот во локалниот дискурс, овие наративи се илустративни и за тоа што претставува „Европа“, како политички идеал, за различните политички актери, како што покажуваат и резултатите од оваа студија.

# 4. ДИСКУРСОТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

Во овој дел од истражувањето се осврнавме на гледиштата на политичките елити во однос на пристапувањето на Република Македонија во ЕУ и на европеизацијата како термин и феномен со различни значења. Во однос на методологијата, предвидовме полуструктурирани интервјуа со претставници на шесте најголеми политички партии во државата, од македонскиот и од албанскиот блок. Од македонските беа вклучени владејачката ВМРО-ДПМНЕ, најголемата опозициска партија - СДСМ, како и претставници од помалите партии, ЛДП и ДОМ. Од партиите, кои ги претставуваат етничките Албанци, успеавме да воспоставивме контакти само со претставниците на ДУИ, додека и покрај повеќекратните напори, не успеавме да стапиме во контакт со претставниците на ДПА.

Успешно реализиравме интервјуа со три раководни нивоа од секоја од наведените партии: 1) претставници на подмладоците на политичките партии; 2) секретарите за меѓународна соработка / евроинтеграции на политичките партии и 3) претставници на високата елита на политичките партии на ниво на потпретседатели. Со цел да се гарантира целосна искреност и да им се овозможи да ги споделат своите мислења, евентуални дилеми и коментари, им беше гарантирана анонимност на инаку внимателните политичари.

## 4.1 КЛУЧНИТЕ ПОРАКИ СПОРЕД РАКОВОДСТВАТА НА ПАРТИИТЕ

Од самото осамостојување на Република Македонија, пристапувањето во ЕУ отсекогаш се претставувало како врвен приоритет од страна на сите досегашни влади. Меѓутоа, процесот

на пристапување веќе подолго време е во застој што беше рефлектирано во начинот на кој партиите ги комуницираат пораките поврзани со евроинтеграцијата и во самиот избор на содржините на кои се посветуваат.

Натаму, истражувањата во новите држави-членки од Источна и од Средна Европа покажуваат дека на сметка на консензусот на политичките актери околу „припадноста во Европа“, содржината на очекувањата од членството станала помалку јасна. Во речникот на политичарите, Европа, Европската унија, европеизацијата не се јасни концепти што се однесуваат на строго утврдена содржина, туку се означувачи во кои секој впишува одредено значење според светогледот, идеологијата и припадноста.

Токму поради тоа, првото прашање што го поставивме во интервјуата гласеше: „Кои се клучните пораки за европските интеграции што ги испраќате кон гласачите?“ Во продолжение, следат сумираните одговори организирани според партиите.

Според исказите на претставниците на **ВМРО-ДПМНЕ**, оваа партија ја испраќа пораката дека Македонија нема друг пат и дека **единствената алтернатива** се европските интеграции. Претставниците од сите нивоа едногласно се изјаснија дека во моментов, приоритет на партијата е целосното исполнување на Копенхашките критериуми, при што најголем фокус ставаат на целосната хармонизација на македонското законодавство со европското законодавство. Сметаат дека многу одамна ќе беа започнати преговори со Унијата доколку не постоеше билатералниот спор со Грција и дека и покрај добиениот спор пред меѓународниот суд во Хаг, меѓународната заедница не изврши доволно притисок врз Грција, па затоа, оваа ситуација останува непроменета. Според дел од интервјуираните, во последно време има појава на евроскептицизам помеѓу граѓаните. Некои одат чекор натаму и тврдат дека остануваат на патот на евроинтеграциите, и покрај поинаквите барања од теренот:

> *Во разговори со граѓаните, ни кажуваат дека треба сè да прекинеме (н.з. преговорите со Грција и барањето за членство во Унијата). И мерките што ЕУ ги носи не се секогаш многу популарни, и затоа, тука имаме такви реакции. Сепак, не треба да се отстапи затоа што немаме подобри алтернативи. Со решавање на спорот за името и со придвижување напред во преговорите, ќе се врати оптимизмот за ЕУ кај граѓаните.*

Според претставниците на **СДСМ**, една од клучните пораки, кои треба да им се праќаат на граѓаните во овој период на статус кво во поглед на евроинтеграциите, е дека членството во ЕУ мора да биде **план А** за државата и дека европските реформи, всушност, значат подобар живот за граѓаните, вклучително и политичка и, пред сè, економска стабилност. Додаваат дека, за

жал, Македонија го изгубила чекорот на ова поле во последните седум-осум години и дека тој период никој не може да ни го врати.

Нивниот став е дека ЕУ повеќе не поминува само како „*гола приказна*" и дека граѓаните сакаат конкретни примери со кои ќе им се доближат придобивките од влезот во ЕУ. Како примери може да се земат и некои успешни приказни од земјата кои иако се малку, сепак, постојат, но секако, и од другите земји каде одредени категории граѓани, и покрај тоа што биле најголеми евроскептици, откако ги осетиле придобивките од ЕУ, станале најголеми евронавивачи. Според нив, моменталната власт негува еден скептичен и негативен пристап кон евроинтеграциите, врзувајќи го стагнирањето единствено со спорот за името. За претставниците од оваа партија, недоволната информираност на граѓаните за вистинските проблеми со кои се соочува Македонија е причината поради која сè поголем дел од нив ја губи довербата во ЕУ. Додаваат дека може да помогне и самата ЕУ која ако сака да ја доврши мисијата во Македонија, ќе мора да овозможи поголема рефлексија во јавноста за тоа колку пари се даваат и како се инвестираат тие пари.

Поентираат дека Европската унија многу често е синоним и асоцијација за подобар живот, при што граѓаните ги прескокнуваат останатите вредности кои таа ги рефлектира, однесувајќи се **селективно:**

> *Многу често, главниот стремеж на граѓаните е подобар живот, а ЕУ се доживуваше како пократок пат за подобар живот. И, за жал, мислам дека еден дел од вредностите го прескокнуваме кога зборуваме за ЕУ, главниот акцент го ставаме на: подобра социјала, пожива економија, подобри шанси за работно место, повеќе пари, подобро образование, подобро здравство. Ако ги прашате сега дали ЕУ подразбира и потолерантно општество, дали подразбира подобра заштита на оние кои се малцинства, јас мислам дека минимален дел би биле во поддршка на тој дел на европските вредности. Така што, мислам дека кон ЕУ се однесуваме сите како à la carte: јас сакам еден, два и пет, а остатокот може и да го прескокнам. А притоа, тој тип слабости на општеството ви се удираат од глава, и врз економијата и врз поквалитетниот живот, ама по неколку години. И, за жал, тоа е проблем и во светот, не само на Балканот и не само во Република Македонија; оние "short term gains" се некако поприемчиви од "long term gains", и сите живееме од денес за утре.*

Во владејачката **ДУИ** тврдат дека во моментов, Македонија на некој начин е блокирана на патот кон ЕУ и дека најбитната порака што мора да им се праќа на граѓаните е дека Македонија **нема друга алтернатива,** и покрај ситуацијата во која се наоѓа. Сметаат дека Македонија со сигурност ги исполнила условите, ако не за влез, тогаш барем за почнување на преговорите, и дека единствен проблем

е името. Како други придобивки од влезот во ЕУ ги наведуваат: непостоењето на границите, отворањето голем простор за трговска размена и создавањето на еден свет во кој *сите сме различни, а сепак, сите сме еднакви во правата и обврските*.

Кога праќаат пораки за европеизацијата, прават разлика помеѓу дискурсот на македонската европска агенда и албанската европска агенда. Сметаат дека евроинтеграциите во Македонија течеле паралелно со процесот на создавање чувство на припадност на Албанците кон државата. Градењето на чувството на припадност кон државата кај Албанците, според претставниците на оваа политичка елита, било олеснето токму преку големото ветување за интеграција на Македонија во Европската унија. Затоа, припадноста кон државата би можела да исчезне доколку од хоризонтот исчезне „големото ветување" – членството во ЕУ. Како што забележува еден висок претставник на оваа партија:

> *Одолговлекувањето на процесот може да предизвикува одреден замор, во смисла да народот изгуби надеж и да почнат да бараат други алтернативи. Тоа е поради проблемот со името, и сметам дека тоа е поизразено кај Македонците отколку кај Албанците, и е опасно затоа што можеме да почнеме да се делиме по стратешки цели. Ако нешто успеа да нè спои како Албанци и Македонци тоа е дека имаме иста цел, да одиме во ЕУ. Може да имаме разлики за други прашања, но за ова не затоа што станува* ***опасно за државата***. *Затоа, сите притискаме да се реши проблемот со името за да не ни се случи Украина и идеолошки да се поделиме.*

Според претставниците на **ЛДП, клучната порака што оваа партија ја упатува до граѓаните** е дека Република Македонија **нема друга алтернатива освен ЕУ** и дека со самиот влез, ќе дојде до поголемо почитување токму на она за што тие се залагаат – либералнодемократските вредности. Меѓу другите вредности/принципи тие ги набројуваат пазарното стопанство, кое им дава предност на малите и средните претпријатија, почитувањето на човековите права и слободи, поголемата информираност на граѓаните и поголемата контрола на власта, односно, **checks and balances** помеѓу судската, извршната и законодавната власт. Според нив, Македонија веќе предолго време стои во место, за што ја обвинуваат популистичката политика што ја води власта и преку која успеала да ја наметне „приказната дека единствен проблем поради кој Македонија не е во ЕУ е билатералниот проблем со Грција". Според нив, популизмот е причината поради која почнал да се појавува евроскептицизам помеѓу граѓаните. Затоа, висок претставник на оваа партија забележува:

> *Популизмот, не само во Македонија туку и во цела Европа, зема голем замав, дури и некои либерални партии почнаа да применуваат популистички мерки (Франција, Холандија). Меѓутоа, моето мислење е дека популизмот*

*дава повеќе резултат краткорочно, но на долгорочен план, е погубен за земјата.*

Во **ДОМ**, уште од самото основање во 2006 година, имале јасен став дека Македонија припаѓа на европското семејство. Според нив, начинот на кој пропагираат Македонија да стигне до ЕУ не е само исполнување на критериумите и примена на законските одредби туку и креирање еден нов одржлив систем што ќе ѝ помогне на Македонија многу поуспешно да се развива. Она што, според нив, ги прави различни од другите партии е тоа што се свесни дека Македонија нема доволно ресурси, како природни така и човечки, и дека Македонија треба максимално да ги искористи оние малку ресурси што ги има за да успее да направи **прогрес првенствено внатре во самата држава, а потоа и во ЕУ**. Се залагаат за одржлив систем со четири столба: животната средина, економијата, социјалната политика и воспоставувањето институционална рамка. *Граѓаните ги прифаќаат нашите идеи, но поради социјалната состојба во која се наоѓаат, тие гласот го даваат за другите партии.*

## **4.2.** ПРОЦЕСОТ НА ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ И НА ПОРАКИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРИСТАПУВАЊЕТО ВО ЕУ

Процесот на формулирање на пораките поврзани со ЕУ е многу комплексно прашање за политичките раководства. Токму поради тоа, ги прашавме: „Како се обликуваат пораките и приоритетите поврзани со темата европеизација и каде се наоѓаат овие прашања на партиската скала на приоритети?"

Претставниците на владејачката **ВМРО-ДПМНЕ** кратко упатуваат на процесот на донесување одлуки во партијата, кој бил транспарентно утврден со партискиот статут. Во однос на прашањата поврзани со евроинтеграциите, тврдат дека првичните идеи се носат на ниво на меѓународните секретаријати (Меѓународниот секретаријат на ВМРО-ДПМНЕ и Секретаријатот на младината на ВМРО-ДПМНЕ кои ја водат меѓународната соработка). Потоа, овие идеи се пренесуваат на ниво на Извршниот комитет на партијата и Извршниот комитет на младината каде дополнително се доработуваат. Најчесто, добиените идеи од овие состаноци се преточуваат со текот на времето во новите партиските програми. Пораките што произлегуваат од овие состаноци, исто така, се наметнуваат и на конгресот на партијата кој вообичаено се одржува на секои четири години, каде што дел од овие пораки влегуваат во официјалната партиска доктрина.

Во **СДСМ признаваат дека** придонесот на членството во процесот на формулирање на пораките поврзани со ЕУ е многу мал, а тоа се однесува, генерално, и на градењето предлози за политиките. Додека ја граделе најновата партиска програма, имале дискусија со различни целни групи на граѓани од цела Македонија.

Додаваат дека од 2008 година, **пораките поврзани со ЕУ не се јадрото на нивната политичка понуда**, барем не „јавно". Затоа, во креирањето на програмата, одлучиле да имаат еден поинаков пристап. Имено, инспирирани од ЕУ агендата, одлучиле во методологијата на програмата сите забелешки на Европската комисија од минатите години да ги искористат како показател за тоа како треба да се постават приоритетите во програмата. Сметаат дека во Македонија има назадувања во сите области, а дека реформата е сфатена само како **слово на хартија** кое оперативно не се спроведува. Токму поради тоа, сите укажувања од Европската комисија ги гледаат како водилка во пишувањето на програмата.

На овој чекор се одлучиле поради тоа што во три наврати, (2005 год., 2006 год. и особено во 2008 год.) воделе кампања чијшто лајтмотив е членството на Република Македонија во ЕУ и утврдиле дека тој принцип не функционира во јавноста. Затоа, се трудат во рамките на партиската програма да ги претстават ЕУ реформите во контекст на домашните политички реформи.

Во **ДУИ**, процесот на одлучување за пораките поврзани со ЕУ, како и во одлучувањето за кое било прашање во поглед на програмата, секогаш започнува со идеи и со предлози од **домашни и од меѓународни тимови експерти.** Сепак, на крајот, стратешките одлуки ги донесуваат **претседателот и претседателството.** Според досегашното искуство, при пишувањето на програмата, членството се комуницира откога ќе се напише програмата, односно, одат на принципот **top – down**.

Во **ЛДП** сметаат дека прашањата поврзани со европеизацијата на државата мора да бидат на врвот на скалата на приоритети на една либерална партија. Велат дека кај нив постои постојана размена на идеи, што претставува своевидно богатство затоа што тоа го нема кај поголемите партии. Според нив, идеите и пораките произлегуваат од централата на партијата, но и од општинските организации. При процесот на одлучување за пораките поврзани со ЕУ, многу често се практикува одржување семинари по целни групи (возрасни, млади, жени). За време на семинарите, се трудат да обезбедат предавачи од државите-членки на ЕУ кои ги пренесуваат нивните искуства од составувањето на програмите во нивните држави. Со тоа, членството има можност одблиску да се запознае со европските вредности и како тие функционираат во ЕУ.

Во претседателството на ЛДП има одредено членови за секоја тема кои работат на неа, а таков е случајот и со европеизацијата. Тоа не значи дека тие членови имаат апсолутен монопол врз дадената тема; напротив, доколку некој од другите членови има подобра идеја за таа тематика, таа идеја може да се реализира.

Во **ДОМ**, при составувањето на програмата во поглед на пристапувањето кон ЕУ, најмногу внимание обрнуваат на областите кои, според нив, се најбитни, а како такви ги наведуваат туризмот и животната средина. Во партијата имаат комисии (експерти, волонтери, граѓани) за секоја тема одделно кои работат на програмата.

## **4.3.** ПОЗИЦИИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПОДМЛАДОЦИ НАСПРОТИ ОНИЕ НА РАКОВОДСТВАТА НА ПАРТИИТЕ

Во разговорите со претставниците на подмладоците од партиите, сакавме да откриеме каква е нивната улога во одлуките што ги носи партијата, особено во полето на европеизацијата.

Во владејачката **ВМРО-ДПМНЕ**, според нивните зборови, младите имаат апсолутна независност за тоа како ќе ги формулираат нивните пораки во однос на пристапувањето кон ЕУ. Процесот преку кој младите ги формулираат пораките се одвива на неколку нивоа. Првото ниво е Клубот на политиколози во рамки на Унијата на млади сили (УМС) на ВМРО-ДПМНЕ, од каде произлегуваат многу корисни идеи. Второто ниво е Секретаријатот за меѓународна соработка каде се креираат нови идеи во насока на подобрување на „меѓународната политика и на европеизацијата како дел од неа“. Секретаријатот за меѓународна соработка е составен од шест членови и еден генерален секретар кој воедно е и член на Извршниот комитет на УМС. Извршниот комитет на УМС претставува највисоко извршно тело на оваа структура каде се донесуваат конечните одлуки во поглед на формулирањето на пораките како за европеизацијата така и за други теми значајни за партијата.

Во **СДСМ**, младината смета дека нејзината позиција во формулирањето на партиските политики е во „подобрувачка“ линија во однос на минатото. Според интервјуата што ги спроведовме со претставници на СДММ, нивната улога е значително зголемена во последниве неколку години. Додаваат дека при пишувањето на последната програма, учеството на младината било од огромно значење и биле активно вклучени во нејзината изработка.

Во **ЛДП**, пак, младината смета дека и покрај тоа што е посебно тело во партијата, нејзината улога на ниво на партија е многу мала. Претежно, проектите на кои работи младината се поврзани со младите, а како идеја што успеале да

ја наметнат го спомнуваат проектот за бесплатен јавен превоз на младите. И покрај тоа што младинската организација има своја програма, која се изготвува преку: состаноци, работни групи и формални и неформални средби, таа не се усвојува и нема никаква практична тежина. Сметаат дека кога би биле на власт, би можеле многу поконкретно да влијаат врз партиските програми и врз нивното исполнување.

Младите од **ДОМ** сметаат дека постои голем простор за работа на гласноста на политичките подмладоци во однос на сите прашања, не само во однос на прашањето за пристапувањето во ЕУ.

Конкретно, во младинската организација на ДОМ (МОДОМ) се задоволни до одреден степен од влијанието што го имаат врз одлуките на партијата. Тие имаат свои тела: Централен одбор, Извршен одбор, Надзорен одбор и свои сопствени комисии (Комисија за екологија, Комисија за млади и образование, Комисија за меѓународна соработка, Комисија за организациски развој, Комисија за недискриминација) кои се пандан на партиските. Претседателот на МОДОМ е единствен од младината кој членува во Извршниот одбор на ДОМ како главно одлучувачко тело. Од неодамна, и четворицата потпретседатели на МОДОМ се членови на Централниот одбор на ДОМ, па сега се надеваат дека ќе можат повеќе да влијаат врз одлуките што ги носи партијата.

Младите од **ДУИ** посочуваат дека претседателот на партијата е секогаш отворен за дискусии и за размена на ставови со младите и дека секогаш ги слушал нивните размислувања и препораки, особено за политиките кои се однесуваат на младите, како што се: културата, образованието, спортот итн. Посочуваат безброј примери за тоа дека нивните препораки се применети како во партиските така и во државните институции.

## **4.4.** ВМРЕЖЕНОСТА НА ПАРТИИТЕ ВО ЕВРОПСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ И ИНТЕЛЕКТУАЛНИ МРЕЖИ

Вмреженоста на македонските политички партии со своите сестрински европски партии е важна за нивната социјализација во европскиот простор. Контактите што се остваруваат при комуникацијата со тие партии може многу позитивно да влијаат врз развивањето на политичката култура во Република Македонија, европеизацијата на политиките што ги нудат и врз начините на кои функционираат. Од интервјуата со петте најголеми политички партии од Македонија, можеме да заклучиме дека и раководителите на партиите се свесни за можните придобивки од овие соработки. Сите четири партии, кои ги претставуваат етничките Македонци, се јасно профилирани во однос на припадноста на идеолошкиот спектар. Од друга страна, сите вклучени партии имаат некаков вид соработка

и комуникација со европските партии. Подолу се сумирани одговорите на партиските претставници на прашањето: „Како комуницирате со европските партии и дали постои редовен систем на комуникација?“

Во интервјуата со претставниците на владејачката **ВМРО-ДПМНЕ** наведено беше дека тие припаѓаат на семејството на Европската народна партија (European People’s Party **– EPP**) каде имаат полноправно членство. Исто така, тие се и дел од тимот на Интернационалната демократска унија **(**International Democratic Union - **IDU)** што функционира на глобално ниво. Имаат редовна комуникација со овие организации преку совети (консултативни средби) кои се одржуваат четирипати годишно. Во склоп на овие мрежи, се одржуваат и самити на секои две години. На самитите секогаш е присутен претседателот на партијата заедно со најтесното раководство, додека на советите се присутни дел од пратениците заедно со останатите членови на Секретаријатот. Од регионалните партии со кои најмногу соработуваат, ги издвоија Хрватската демократска заедница (**ХДЗ)**, Обединетите региони на Србија (**УРС)** и Партијата за демократска акција **(СДА)** (Босна).

Кога се во прашање партиските подмладоци, младината на ВМРО-ДПМНЕ е полноправна членка на Младината на Европската народна партија (Youth of the European People’s Party - **YEPP)** со која имаат редовни средби на секои три месеца. Исто така, таа е членка и на Европските демократски студенти со кои имаат чести контакти.

Во разговорите, претставниците од **СДСМ** посочија дека припаѓаат на семејството на Партијата на европски социјалисти (Party of European Socialists -**PES)** и на Социјалистичката интернационала (Socialist International) каде што имаат полноправно членство. Партијата на европските социјалисти неколку пати годишно организира средби за сите нејзини членки, и посебни средби за нејзините односи со државите од Западен Балкан. Еднаш до двапати годишно имаат средби со пратеничката група на социјалдемократите во Европскиот парламент на кои главно се разговара за стратегијата за проширување, како и за односите помеѓу ЕУ и Западен Балкан.

Според раководството на СДСМ, овие средби се многу корисни, пред сѐ, поради тоа што проблемите со кои ние, како држава, се соочуваме сега се многу слични со проблемите со коишто европските сестрински партии се соочувале во минатото, а добар дел од нив сѐ уште се соочуваат. Понекогаш, поради специфичноста на проблемите со кои се соочува Република Македонија, членовите од сестринските партии не можат докрај да ги разберат нашите проблеми, но сепак, сметаат дека тие средби мора да продолжат затоа што можат да бидат од големо значење за зајакнување на партијата и на државата воопшто.

Исто така, младината на СДСМ е и полноправна членка во мрежата на Младите европски социјалисти (Young European Socialists - **YES**), како и на Интернационалната унија на млади социјалисти (International Union of Socialist Youth - **IUSY)**, а претставници на СДММ се учесници на голем број настани, семинари и обуки организирани од овие мрежи. За нив, клучните придобивки од овие средби се тоа што тие, заедно со колегите од сестринските европски партии, се **идните луѓе кои ќе ги креираат јавните политики** во своите земји, и затоа е добро уште отсега да имаат воспоставено добар однос со нив. Како главно тело преку кое воспоставуваат контакти со европските мрежи го наведуваат меѓународниот секретар што го имаат и на ниво на партија и на ниво на младинска структура во партијата.

Либералнодемократската партија **(ЛДП)** е полноправна членка на Алијансата на либералите и демократите за Европа (Alliance of Liberals and Democrats for Europe Party - **ALDE)** како и на Либералната интернационала (Liberal International - **LI)**. Претставник од ЛДП е генерален секретар на Либералната интернационала; тоа многу им помага да имаат уште подобра комуникација со нив. Редовна комуникација и соработка остваруваат преку голем број состаноци, форуми и обуки организирани од страна на Алијансата на либералите и демократите за Европа и од страна на Либералната интернационала. Покрај тоа, членуваат и во регионалната Либерална мрежа за Југоисточна Европа (Liberal South East European Network - **LIBSEEN)**.

Младината на ЛДП (**ЛИДЕМ**), исто така, е полноправна членка на Европската либерална младина (European Liberal Youth - **LYMEC)**.

Од 2008 година, **ДОМ** има редовна комуникација и соработка со Европската зелена партија (European Green Party - **EGP)**. Младинската организација на ДОМ **(МОДОМ),** исто така, е во редовни контакти со Федерацијата на младите европски зелени (Federation of Young European Greens - **FYEG)**. Учесници се на сите големи советувања на Европската зелена партија и присутни се на генералните собранија, како на сениорско така и на младинско ниво, и покрај тоа што не се полноправна членка, но се надеваат дека тоа ќе се случи во текот на 2014 година. Од сите мрежи, МОДОМ има најредовна комуникација со Мрежата за развој и соработка на Источна Европа (Cooperation and Development Network – **CDN)** каде имаат свој член во Извршниот одбор. Мрежата за развој и соработка е полноправна членка на Европската зелена партија и преку нив, индиректно, и тие се членови на најголемата европска мрежа на зелени партии.

Сметаат дека овие соработки се од огромна корист за нив, како мала партија, и дека ваквите контакти многу им помогнале да се развијат како партија, да работат пообмислено и да привлечат нови членови. Како зелена партија, се сметаат за лидери на Балканот поради тоа што заедно со Српската зелена партија се единствените што имаат претставници во парламентите, и се единствена зелена партија која е дел од извршната власт.

Од двете најголеми албански партии во Македонија, ДУИ и ДПА, успеавме да воспоставиме контакт само со претставниците од ДУИ.

Од разговорите со претставниците на ДУИ, можевме да забележиме голема контрадикторност во нивните ставови. Еден од испитаниците, кој воедно е и висок претставник на партијата, наведува дека ДУИ, како партија, сè уште не е профилирана дали припаѓа во десните или во левите партии. Во интервјуто посочува дека на почетокот, при основањето на партијата, тие биле тематска партија и нивната основна цел била имплементирање на Рамковниот договор и дека дури сега кога веќе се многу посериозна партија, ќе почнат да се занимаваат со тоа прашање. Додека еден друг испитаник, исто така висок претставник на партијата, посочува дека и покрај тоа што не припаѓаат на ниедна од политичките мрежи, имаат редовна комуникација и со двете најголеми европски мрежи, но во собранијата на Европскиот парламент, Советот на Европа и на НАТО седат со групата што одговара според нивната идеолошка определба, а тоа се левите социјалисти. Покрај тоа, во неколку проекти соработувале и со фондацијата *Фридрих Еберт*, меѓутоа, сè уште не се формално членка на таа групација.

***Табела 1.*** Членство на партиите во европските мрежи

| Партија | Европски мрежи | Полноправна членка |
|---|---|---|
| **ВМРО-ДМПНЕ** | Европска народна партија **(ЕНП)** | ДА |
| **СДСМ** | Партија на европските социјалисти **(ПЕС)** | ДА |
| **ДУИ** | Не членуваат во ниедна европска мрежа | НЕ |
| **ДОМ** | Европска зелена партија **(ЕЗП)** | НЕ |
| **ЛДП** | Алијанса на либералите и демократите за Европа **(АЛДЕ)** | ДА |
| **ДПА** | / | / |

***Табела 2.*** Членство на младинските организации на партиите во европските мрежи

| Партија | Европски мрежи | Полноправна членка |
|---|---|---|
| **УМС ВМРО-ДПМНЕ** | Младина на Европската народна партија | ДА |
| **СДММ** | Млади европски социјалисти **(МЕС)** | ДА |
| **Младински форум на ДУИ** | Не членуваат во ниедна европска мрежа | НЕ |
| **МОДОМ** | Федерација на младите европски зелени **(ФМЕЗ)** | НЕ |
| **ЛИДЕМ** | Европска либерална младина **(ЕЛМ)** | ДА |
| **ДПА** | / | / |

# 5. ШТО МИСЛАТ ЕКСПЕРТИТЕ?

Заради подобро утврдување на реалната состојба и заради формулирање препораки за подобрување на комуникацијата на европската агенда од страна на политичките партии, одржавме и фокус група со учество на експерти по европски прашања (јавни службеници, претставници на тинк-тенк заедницата итн.) од помладата генерација.

Целта на структурираната дискусија беше да се направи резиме на нивните ставови во врска со три клучни дилеми. Прво, дали и до која мера, според нивно видување, европската агенда е присутна во понудата на политичките партии, и колку тоа е условено од (не)постоењето на политичката побарувачка.

Натаму, побаравме да прокоментираат дали во Македонија постојат политички сили кои промовираат евроскептицизам и дали поделбата проевропски / антиевропски политички сили ја отсликува политичката реалност.

За крај, ги замоливме да дадат предлози за тоа како политичките партии поуспешно да ја промовираат европската агенда.

Повеќето од учесниците беа на мислење дека нема понуда или, пак, дека таа се администрира на техничко ниво, без да се направат клучните и суштинските реформи. Еден од учесниците сликовито опиша дека доколку понудата би се појавила, тоа би претпоставувало „салтомортале на политичките елити“ кои профитираат од начинот на кој сега функционира политиката. Во однос на партиите, оценката на една истражувачка е парадигматична за генералната оценка на фокус групата:

*ВМРО се има откажано од евроинтеграцијата. СДСМ ја гледа како спас, но нема посебна посветеност. ДПА е на одмор. ДУИ работи на случајот, но нема капацитет.*

Дел, пак, говореа за страната на побарувачката и ги критикуваа граѓаните и цивилното општество кои треба д ја раздвижат побарувачката. Еден аналитичар Албанец го критикуваше ограниченото сфаќање на европеизацијата од страна на Албанците кои биле заинтересирани само за одредени аспекти од европеизацијата, а останатите ги занемарувале: *Главен бенефит кој го гледаат Албанците е да се обединат во обединета Европа, и ништо друго не ги интересира*. Друг аналитичар, близок до опозицијата, пак, тврдеше дека побарувачката постоела, но дека со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ, се променил јавниот дискурс. Ова го објаснува со интересите на крупниот капитал во Македонија кој е антиевропски и кој преку медиумите во своја контрола, ја промени пожелноста на пристапувањето во ЕУ. Понудата во минатото ја опиша како наивна, но сепак, значајна.

Во фокус групата провејуваше ставот дека членството во Европската унија и реформите поврзани со него не се тема на која се добиваат и губат избори. Сепак, како многу важна темата, може подобро да се комуницира од начинот на кој сега се прави тоа. Користејќи го искуството од минатото на опозициската СДСМ, кога во неколку изборни кампањи, членството во Унијата било јадро на понудата, еден од учесниците посочи дека понудата треба да се „симне“ на малите теми: „Потребни се поголема комерцијализација на приказната за Европската унија и конкретизирање на темите. Приказната за ЕУ како целина повеќе не проаѓа“. Како теми, кои е потребно да се избегнуваат, учесниците едногласно ги наведоа идентитетските прашања, историјата и високата политика (геополитиката, правењето поделби меѓу исток / запад и слично). Конкретните теми, кои беа предложени, беа подобрувањето на социјалната политика, мобилноста на младите, реформата на судството.

# 6. ШТО МИСЛАТ КРЕАТОРИТЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ?

Со цел да се портретира постојната дебата за евроинтеграцијата, беа интервјуирани четворица колумнисти / новинари / креатори на јавното мислење од македонската политичка јавност. Двајца од нив се, условно кажано, либерали / левичари кои честопати јавно ги критикуваат евроинтеграциската стратегија и агенда на Владата. Останатите двајца, пак, ќе ги наречеме евmembership реалисти: во смисла на тоа дека се покритични кон европската агенда, имаат помали очекувања од неа и ја поддржуваат политиката на Владата. Заради поголема јасност, но сепак, со извесна доза на поедноставување, во остатокот од текстот, првите двајца се наречени леви / либерали, додека останатите двајца се наречени десни / конзервативци. На тој начин, клучните поенти што ја сочинуваат оваа дебата помагаат во стекнувањето генерален впечаток за евроинтеграцискиот процес и за тоа што значи тој за нашата земја.

Од интервјуираните беше побарано да ја прокоментираат следнава теза: **„Проевропско–антиевропско? Која е смислата на оваа дихотомија во јавната комуникација во Македонија?“**

Левите / либералите прокоментираа **дека за нормалните демократски општества, здраво е** да постои евроскептицизам. Сепак, додадоа дека кај нас, тој не е реален, туку служи на дневнополитичките интереси на центрите на моќ како стратегија за негирање на проблемите: „Кога *Doing Bussiness* ќе објави рејтинг за Македонија, тогаш министрите не се симнуваат од телевизија. Кога, пак,

Европската унија ќе каже дека имаме проблеми во судството, веднаш се јавуваат дежурните критичари за да ни соопштат дека ЕУ само што не се распаднала“. Оттука, заклучуваат дека евроскептицизмот е примитивен дискурс со кој власта сака да ја задржи ситуацијата на статус кво, односно, со зборовите на еден од интервјуираните “социјалистичката матрица кај луѓето која би се променила доколку се прифатат европските вредности”.

И десните / конзервативците се согласија дека евроскептицизмот во државата не е заснован на знаење, туку на емоции. Додаваат дека односот на политичките елити кон евроинтеграциите е инфантилен и заснован на идеологија, а не на реална проценка за користа и за штетата од пристапувањето на државата во ЕУ. За оваа група интервјуирани, доминантната идеологија во државата е проевропска, што не е засновано на реални информации, туку „поради тоа што проевропско значи и модерно“ и е издигнато на ниво на догма. Сметаат дека граѓаните, поради слабоста и загрозеноста на државата, по инерција се идентификуваат со Европа која е синоним за некаква сигурност.

Од интервјуираните побаравме да го оценат и начинот на кој политичките партии ја комуницираат европската агенда, поставувајќи им го прашањето: „Што мислите за комуникацијата на политичките партии на пораките поврзани со евроинтеграцијата? Дали има разлики во нивниот пристап?“

Според левите / либералите, комуникацијата на пораките поврзани со евроинтеграцијата е плитка и демагошка, и сметаат дека треба да се навлезе во суштината на самиот процес преку портретирање на неговата **културолошка смисла**. Поради постоечката примитивна и лукративно мотивирана дебата, граѓаните не веруваат дека тоа е промена на свеста и на вредностите, односно, усвојување на сите оние цивилизациски придобивки кои европските земји ги почитуваат. Според нив, граѓаните доминантно ја поврзуваат ЕУ со подобар живот, со висок стандард, дури и со природна припадност, но сепак, тоа не ја сочинува суштината на европеизацијата која повторно е разбрана како прифаќање збир од културни и цивилизациски вредности.

Десните / конзервативците, пак, сметаат дека европеизацијата, како што им е претставена на граѓаните, е догматска, односно, како нешто што треба да биде прифатено некритички и што „не трпи дополнителни прашања“. Според нив, искуството на новите членки, како Бугарија и Романија, не дава право за некритичко гледање и прифаќање на работите и укажува на нереално високите очекувања од процесот. Илустративно поентираат дека „државите од Владивосток до Тирана, практично, припаѓаат на иста лига“, без оглед на тоа дали се во ЕУ. Додаваат дека сето тоа не треба да биде причина за „страв или срам“.

За крај, ги замоливме испитаниците да дадат сугестии за тоа како политичките партии да ги комуницираат пораките поврзани со европеизацијата.

Според левите / либералите, пречката поради која граѓаните не се информирани е неповолната состојба со медиумската слобода. Исто така, според нив, за „комуникација на европските вредности“, потребни се истрајност, доследност и посветеност, и од партиите, и од граѓанскиот сектор и од институциите за да се објасни и да се спроведе оној збир на цивилизациски вредности што Европа го носи со себе, како што се: човековите права, правата на малцинствата, демократијата итн.

Конзервативците сметаат дека сликата за ЕУ е синоним за поголеми можности и за традиционално дефинирана заедница. На тој начин, поради генералната неинформираност на граѓаните за европските прашања, Европа е апстрактна индивидуална надеж без јасни контури, и околу тоа недостасуваат повеќе *знаење и полемика.* За конзервативците, целосното „издишување“ на европската приказна е и реална последица на преголемите очекувања во услови кога не постои опиплива корист. Поентираат: „Во услови кога суверенитетот се ренационализира, единствено Македонците остануваат евроентузијасти“.

# 7. ПОДДРШКАТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ЕВРОИНТЕГРАЦИИ: ДАЛИ ВЛЕЗОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕУ БИ БИЛ ДОБРА РАБОТА И ДАЛИ ДРЖАВАТА БИ ИМАЛА КОРИСТ ОД ТОА?

Анкетите спроведувани на секои шест месеци во рамките на Евробарометар мерат каква е поддршката на граѓаните од државите-кандидатки за членството на нивната држава во Европската унија. Инаку, поддршката се мери преку две клучни прашања кои се индикатори за две димензии на поддршката на граѓаните. Првото гласи: ***Општо земено, дали сметате дека членството на Македонија во Европската унија би било добра работа, ниту добра ниту лоша работа, или лоша работа***? Целта на ова прашање е да се измери генералниот суд на граѓаните за членството во Унијата. Второто прашање, пак, гласи: ***Имајќи ги предвид сите работи, дали би рекле дека Македонија би имала или би немала корист од членството во Европската унија***? Целта на ова прашање, пак, е да се измери „рационалниот" суд на граѓаните за придобивките од членството на нивната држава во Унијата. Вообичаено, повеќето граѓани мислат дека државата би имала корист, а помалку дека членството би било добра работа, што – како што може да се види од податоците – важи и за Македонија. До податоците дојдовме преку базите на податоци достапни на порталот ГЕСИС (GESIS), а кои на наше барање ни беа ставени на располагање од страна на администраторите. Во графиконите подолу видливи се трендовите на поддршка на македонските граѓани за пристапувањето на државата во Европската унија од 2007 година, па наваму.[9]

Опаѓањето на перцепцијата за тоа дека членството на Македонија во Европската унија би било добра работа е видливо на прв поглед. Доколку во 2007 година – имено, пред самитот на НАТО во Букурешт

[9] Во анализата не се земени предвид податоците за есента 2011 година кои не се достапни.

по кој јавноста беше соочена со трауматичен настан – дури три четвртини од граѓаните (75% во пролетта, а 76% во есента) мислеле дека членството на Македонија во Унијата би било добра работа, во последното истражување на јавното мислење во рамките на Евробарометар (од есента 2013 година), таа поддршка се стопила на само 50%. Сепак, намалувањето на перцепцијата дека членството би било добра работа не се претворило директно во негативна перцепција, туку се зголемил бројот на оние кои велат дека членството не би било „ниту добра ниту лоша работа“, како и процентот на оние кои немаат став.

**Општо земено, дали сметате дека членството на Македонија во Европската унија би било...?**




Во однос на социодемографските карактеристики, видливи се разлики во поддршката според местото на живеење. Во ноември 2007 година, кога поддршката за ЕУ била најголема, 83,9% од испитаниците, кои живеат во руралните средини, гледале позитивно на ова прашање а за разлика од нив, во истиот тој период, само 69,4% од луѓето, коишто живеат во големите градови, гледале позитивно на истото прашање. Тој тренд продолжил и во другите години и кога поддршката за ЕУ опаѓала во сите категории. Во пролетта 2009 година, поддршката за ЕУ помеѓу жителите од руралните средини изнесувала 72,5%, додека кај жителите од големите градови, 60,6%. Овој тренд продолжил и натаму.

## % од испитаниците: дали членството во ЕУ би било добра работа за Македонија?




Разлики во однос на ова прашање може да се да се утврдат и според **возраста** на испитаниците. Поддршката за влез на Република Македонија во ЕУ е многу поизразена кај младите луѓе на возраст од 15 до 24 години, при што во март 2008 година, поддршката изнесувала 81,7%, додека кај луѓето над 55 години, поддршката за ЕУ била 69,3%. И во мај 2010 година, кога поддршката помеѓу граѓаните од 15 до 24 години изнесувала 70,5%, кај граѓаните над 55 години, таа била само 56,2%. Оваа разлика се задржала и во последниот Евробарометар од ноември 2013 година: 60,2% од испитаниците на возраст од 15 до 24 години сметале дека влезот во ЕУ би бил добра работа, додека на исто мислење биле само 44% од граѓаните над 55 години. Од сето ова може јасно да се согледа дека кај младите луѓе, поддршката за ЕУ е многу поголема отколку кај постарите граѓани на Република Македонија.

## % од испитаниците: дали членството во ЕУ би било добра работа за Македонија?



И во поглед на работниот статус на граѓаните можеме да забележиме разлика во однос на ова прашање. Податоците од Евробарометар ги делат испитаниците на четири категории: вработени, невработени, студенти и пензионери. Од 2007, до 2013 година, во речиси сите извештаи, **студентите** биле со најголема поддршка за влез на Македонија во ЕУ, а со најмала поддршка биле **пензионерите**, што е и за очекување доколку се имаат на ум сознанијата од претходниот дел на анализата. Исто така, невработените имале попозитивно мислење од невработените, иако трендот на опаѓање на поддршката е видлив кај обете категории. Во март 2008 година, 75,9% од невработените лица и 70,9% од вработените сметале дека членството во ЕУ би било добра работа. Слична разлика во ставовите може да се сретне и во ноември 2010 година, кога за истото прашање позитивно одговориле 65,6% од невработените лица, а 58,8% од вработените. Оваа разлика е зголемена во последниот извештај на Евробарометар од ноември 2013 година, кога поддршката го достигува својот историски минимум (54,5% од невработените и 45% од вработените сметале дека членството во ЕУ би било добра работа).

**% од испитаниците: дали членството во ЕУ би било добра работа за Македонија?**




И покрај намалувањето на поддршката, граѓаните на Македонија сѐ уште имаат најпозитивно мислење за членството, споредено со граѓаните на другите држави-кандидатки. Така, во последното истражување од есента 2013 година, само 44% од Црногорците, 38% од Турците и 36% од Србите сметале дека членството на нивната држава во ЕУ би било добра работа. Кај граѓаните на Македонија (18%), како и кај Црногорците (17%), најмалку бил застапен и ставот дека членството би било лоша работа. Сепак, намалувањето на поддршката во Македонија е загрижувачко, особено доколку се имаат предвид природата на намалувањето на поддршката и стабилниот тренд, за кои повеќе можеме да дознаеме од анализата на податоците дадена подолу.

Слични трендови се забележуваат и во ставовите околу корисноста на членството на Македонија во ЕУ. Во пролетта 2007 година, огромно мнозинство (84%) од граѓаните

**Дали сметате дека членството на вашата држава во ЕУ би било... ? (есен 2013 година)**




на Република Македонија биле на мислење дека државата би имала корист од членството во ЕУ, додека само 12% мислеле дека би немала корист, што укажува на речиси плебисцитарна поддршка. Наспроти тоа, во последното истражување, таа перцепција ја имале само 60% од граѓаните, додека скоро една третина од нив (29%) сметале дека Македонија не би имала корист. Во одговорите на ова прашање, трендот на прелевање на позитивната перцепција во негативна е поизразен отколку во оценката за тоа дали членството би било добра / лоша работа.

**Имајќи ги предвид сите работи, дали би рекле дека Македонија би имала или би немала корист од членството во Европската унија?**



# 8. АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА МЦЕО: ШТО ЗНАЧИ ВЛЕЗОТ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ГРАЃАНИТЕ?

Во нашето анкетно истражување на перцепциите на македонските граѓани дојдовме до слични податоци, иако беше употребена поинаква методологија. Имено, прашањето гласеше: ***Постојат различни очекувања од членството на Македонија во ЕУ. На скала од 1 до 5, каде 1 значи дека целосно не се согласувате, а 5 дека целосно се согласувате, каква е вашата оценка за следниве тврдења?***

а) Генерално, членството на Македонија во ЕУ би било добра работа.

б) Членството на Македонија во ЕУ би значело економски просперитет и повеќе економски можности.

в) Членството на Македонија во ЕУ би значело помалку иселувања од земјата.

г) Членството на Македонија во ЕУ би значело повеќе демократија, лична слобода и почитување на законите.

д) Членството на Македонија во ЕУ би значело поскап живот и намалување на животниот стандард во РМ.

ѓ) Членството на Македонија во ЕУ ќе го подобри соживотот и ќе придонесе за поголема внатрешна толеранција

Потоа, одговорите 1 и 2 од Ликертовата скала беа рекодирани во одговор „не се согласувам“, одговорот 3, во „неутрален сум во врска со ова прашање“, а одговорите 4 и 5, во „се согласувам“.

Податоците што ги добивме се слични на оние од Евробарометар – 62% од граѓаните се согласуваат со тврдењето *„Генерално, членството на Македонија во ЕУ би било добра работа“*, наспроти 50% од последниот Евробарометар кои сметале дека членството на Македонија би било добра работа. Натаму, 18% се неутрални во однос на прашањето, наспроти 28% од испитаниците од последниот Евробарометар кои сметале дека членството на Македонија во ЕУ би било ниту добра ниту лоша работа. Конечно, 21% од испитаниците од анкетното истражување на МЦЕО не се согласуваат со тврдењето *„Генерално, членството на Македонија во ЕУ би било добра работа“*, наспроти 18% од последниот Евробарометар кои сметале дека членството на Македонија во ЕУ би било лоша работа. Како заклучок, резултатите се поклопуваат, а до минорните разлики доаѓа поради различната скала за мерење што беше употребена. Доколку, пак, се погледнат некодираните податоци, совпаѓањето на наодите е повидливо.

| **Генерално, членството на Македонија во ЕУ би било добра работа.** | |
|---|---|
| **Не се согласувам.** | 20 |
| **Неутрален сум во врска со ова прашање.** | 18 |
| **Се согласувам.** | 62 |

| **Генерално, членството на Македонија во ЕУ би било добра работа.** | |
|---|---|
| Воопшто не се согласувам. | 14 |
| Не се согласувам. | 6 |
| Ниту се согласувам ниту не се согласувам. | 17 |
| Се согласувам. | 13 |
| Целосно се согласувам. | 47 |
| **Не знам.** | 3 |

Доколку, пак, податоците од анкетното истражување на МЦЕО ги вкрстиме со социодемографските карактеристики на испитаниците, можеме да увидиме дека ставовите на различните општествени категории драстично се разликуваат. Така, огромното мнозинство од Албанците (91%), испитаниците со завршено основно образование (74%) и симпатизерите на СДСМ (68%) се согласуваат дека членството на Македонија во ЕУ би било добра работа, додека помал степен на согласување може да се забележи кај Македонците (54%), како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (53%).

**Генерално, членство на Македонија во ЕУ би било добра работа.**




Ако ги спoредиме ставовите на граѓаните за различните тврдења за тоа што би значело членството на ЕУ, увидуваме дека најголемо согласување постои кај тврдењето дека тоа би зналечо *„повеќе демократија, лична слобода и почитување на законите“*, а сличен резултат постои и кај тврдењето дека членството би значело и повеќе економски просперитет и повеќе можности. Овие резултати не беа за изненадување затоа што до слични сознанија дојдовме во фокус групите. Прашани за тоа кои се карактеристиките на едно европско општество, освен слободата да се патува и непостоењето на границите, најголем дел од учесниците говореа или за владеењето на правото и за личната слобода (подобро судство, подобра правна заштита, слобода на изразување) или за поголема социјална и економска сигурност (подобра економија, повеќе вработувања, развој, подобар животен стандард). Најголем дел од испитаниците сметаат дека доколку влеземе во ЕУ, би имало подобрување во поглед на демократијата и на слободата, но дека во поглед на економијата, ќе биде потребно подолго време. Освен тоа, учесниците истакнаа дека ќе се намали стравот помеѓу граѓаните да го искажат своето мислење и дека, колку-толку, ќе се врати довербата во институциите како што е судот. Притоа, низ аргументите провејуваше уверувањето дека членството во ЕУ би значело некакво **своевидно туторство** и **поголема контрола**

> ЕУ е единствениот спас за нас. Мислам дека ќе има голем број подобрувања, посебно во поглед на: економијата, демократијата и слободата. Живееме во држава каде што голем дел од младината е невработен и поради тоа, ја напушта државата, каде што луѓето се плашат да кажат што мислат и во држава каде што граѓаните не веруваат во судството. Сметам дека овие работи сигурно ќе се подобрат ако влеземе во ЕУ
>
> *(Башким, 27, Скопје ).*

Мислам дека и самиот влез во ЕУ има големи негативности. Најпрво, сметам дека и демократијата во ЕУ не е на толку високо ниво како што ни се прикажува нам. Потоа, со самиот влез во ЕУ, ќе се зголемат цените на голем број производи, особено цената на станбениот простор, и што е најважно за нас како држава, уште поголем број од младите луѓе ќе ја напуштат Македонија, каков што е примерот со најновите членки во ЕУ каде што по влезот, масовно се зголеми иселувањето

*(Надица, 46, Велес).*

кои би ги натерале домашните елити да го променат своето однесување затоа што, според зборовите на еден од учесниците: **„Ќе треба да одговараме пред сите во Унијата“**.

Од друга страна, најмал процент на согласување може да се забележи кај тврдењето дека членството во ЕУ позитивно би влијаело на спречување на еден од најголемите проблеми во земјата – иселувањето. Граѓаните, исто така, во мнозински процент се свесни дека членството би значело зголемување на цените и намалување на животниот стандард, што само навидум е контрадикторно тврдење. Сепак, за истражувачите кои го подготвија анкетниот прашалник, ова беше очекувано со оглед на ставовите на учесниците во **фокус групите**. Граѓаните ги наведуваа „огромните давачки“, „многу поголемите долгови од сега“, „поголемите даноци“ како негативни страни од членството.

**Постојат различни очекувања од членството на Македонија во ЕУ. Каква е вашата оценка за следниве тврдења?**



## 8.1 КОРЕНИТЕ НА РАЗОЧАРУВАЊЕТО И НА ЕВРОСКЕПТИЦИЗМОТ

Следниве графикони даваат подетален увид за корените на намалувањето на посакуваноста на членството кај граѓаните, како и за нивните очекувања. Графиконот подолу ги прикажува одговорите на испитаниците на следново прашање: „Би ве запрашал /-а за една дилема која постои во јавноста. Ќе ви прочитам два исказа, кажете ми кој од нив е поблиску до вашето мислење“. Од вкупниот број испитаници, 42% се определија дека *Европската унија е најдобрата алтернатива за Македонија*, додека 47% изјавија дека *Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ*. Дополнителни 6% се изјаснија дека ниту едно од тврдењата не го одразува нивното мислење, додека 1% од испитаниците се изјаснија дека и обете тврдења им се блиски. Сепак, постојат огромни разлики во одговорите на ова прашање помеѓу различните категории граѓани. Така, кај етничките Албанци е најизразено мислењето дека ЕУ е најдобрата алтернатива (75%), а истото мислење го делат и нешто помал процент од оние кои се изјаснија за симпатизери на СДСМ (60%). Сите останати групи заостануваат, при што оние кои се изјаснија за симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ (54%) и Македонците генерално (53%) се со најизразен став дека Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ. Јазот што ги дели Македонците и Албанците е највидлив токму во одговорот на ова прашање.

Овие резултати ги отсликуваат и ставовите на учесниците во фокус групите кои беа длабоко поделени. Оние, кои тврдеа дека ЕУ е единствениот пат за Македонија, покажаа најголема загриженост за можноста Македонија да остане изолирана доколку државите во регионот влезат во Унијата. Учесниците со повисоко образование, кои тврдеа дека не постои алтернатива за членството, пак, го посочија членството во ЕУ како шанса **„да ги придобиеме европските навики на живеење“** без кои македонското општество не би напредувало. Од другата страна, оние, кои велеа дека треба да се бара сопствен модел за развој надвор од европскиот, ја гледаат Македонија како Швајцарија на Балканот, односно, како дел од некој иден балкански сојуз налик на Југославија, во која, според мислењето на овие учесници, **„најубаво се живеело“**. Учесниците со завршено високо образование, кои иднината на Македонија ја гледаат надвор од Европската унија, пак, тврдеа дека државата може **„сама да си ги среди работите“**, без да чека некој однадвор да ја натера.

**Сега би ве запрашал/а за една дилема која постои во јавноста. Ќе ви прочитам два исказа, кажете ми кој од нив е поблиску до вашето мислење**




Граѓаните беа прашани и за втората дилема која постои во јавноста, а која политичките партии честопати ја употребуваат во политичката борба. И за оваа дилема ставовите во јавноста се изразено поделени. Така, 47% од испитаниците мислат дека Македонија не може да влезе во ЕУ поради спорот за името, додека 34% од испитаниците сметаат дека Владата го користи спорот за името само како изговор да не ги спроведува реформите. Дополнителни 11% сметаат дека ниту еден од исказите не го отсликува нивното мислење, додека 4% се согласуваат и со обата исказа. 76% од оние кои се изјаснија за поблиски до ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, 55% од вкупниот број испитаници од македонско етничко потекло, како и 51% од испитаниците повозрасни од 55 години сметаат дека спорот за името е проблемот поради кој Македонија не може во ЕУ. Од друга страна, голем дел од младите (41% од испитаниците на возраст од 18 до 34 години), како и мнозинството симпатизери на СДСМ (65%) и етничките Албанци (73%), се на мислење дека Владата го користи спорот за името со Грција само како изговор да не ги спроведува реформите. Поделеноста на јавноста во однос на овие прашања е повеќе од очигледна и се случува како по партиски така и по етнички линии.

> Сметам дека за Македонија постои само еден и единствен пат, а тоа е ЕУ. За жал, во последно време гледам личности кои се сериозно политички афирмирани, коишто тврдат дека има алтернативи какви што се Индија, Русија и др. Ние и културно и географски припаѓаме во Европа и токму поради тоа, немаме многу простор за импровизација
>
> *(Иван, 30).*

Овие резултати беа за очекување доколку се имаат на ум различните и навистина изнијансирани ставови кои ги искажаа учесниците во фокус групите. Имено, голем дел од учесниците, повикувајќи се на

искуството со Бугарија и со Романија (кои, според нивно мислење, станале членки на Унијата без да ги исполнат условите), сметаа дека спорот за името е главниот проблем поради кој Македонија не може да влезе во Унијата. Сепак, никој од учесниците не ги опиша бараните реформи како „уцена“ – епитет со кој го опишуваа барањето Македонија да го промени името – тврдејќи дека условите што ѝ се поставуваат на Македонија се „нормална работа“. Учесниците ја опишаа Грција како „милениче на Европа“ на кое Западот му помогнал да ја пребреди економската криза. Само помал дел од учесниците со високо образованите во фокус групата беа на ставот дека вината е кај Владата која го користела спорот за името како изговор за да не ги спроведува потребните реформи.

Иднината е во демократизација на свеста на граѓаните; само така можеме да имаме економски напредок. Не е сè во некакво географско или политичко здружување; треба најпрво себеси да се преиспитаме во смисла на тоа кои се нашите ресурси, што можеме ние да направиме; џабе ни е ЕУ ако ние самите од себе не почнеме да си ги ревидираме сопствените политики. Еве, на пример, земете ги Бугарија и Романија кои се дел од ЕУ, па пак гледаме дека тие се светлосни години назад во демократскиот развој зад скандинавскиот модел на земји. Додека, пак, ако ги разгледаме Швајцарија и Норвешка кои не се членки ЕУ, ќе видиме дека таму демократијата е на многу високо ниво. Значи, не е само да влеземе во ЕУ; треба најпрвин од себе да почнеме

*(Васко, 27).*

**И втора дилема која постои во јавноста. Кој од следните два искази е поблиску до вашето мислење:**



Ние сме многу подобри од најновите членки на ЕУ, со исклучок на Хрватска. Можеби поради тоа што немаме никакво стопанство, ЕУ си дозволува да си игра со нас. Кога си слаб играч и кога зависиш, лесно е да те условуваат. Сметам дека дури и да го решиме проблемот со името, ќе најдат друг проблем со кој ќе нè условуваат

*(Гордана, 37)*

Мислам дека името не е воопшто проблем за нашиот влез во ЕУ. Ние имаме проблеми, како што се: кршење на уставни слободи и човекови права, корумпирано судство, новинари во затвор, немаме независни медиуми, образованието ни е на најниско ниво. Ова се многу поголеми проблеми отколку името. Доколку овие би ги решиле, тогаш името нема да претставува проблем за влез во ЕУ

*(Кирил, 34).*

Сметам дека ЕУ нема никаков проблем да нè прими, и тука, како единствен проблем се провлекува проблемот со името што го имаме со Грција која воедно е веќе многу долго членка на Унијата. Па, само ако ги земеме за пример Романија и Бугарија, па ние отсекогаш сме биле подобри во секој поглед од нив; дури и сега кога се членки на ЕУ, сме многу понапред од нив. Со ова, станува јасно дека само тој спор со името е единствениот проблем зошто ние не сме членки на ЕУ

*(Милчо, 54 ).*

Како што утврдивме, и покрај надолните трендови во поддршката за членството на Македонија во Европската унија, споредбено, граѓаните на Република Македонија се поголеми евроентузијасти од граѓаните на другите држави-кандидатки. Освен тоа, во смисла на идентификување корист од евентуалното членство, граѓаните имаат позитивно мислење доколку се погледнат нивните очекувања. Сепак, како што покажаа двата графикона погоре, истовремено, мнозинството граѓани сметаат дека Македонија треба да бара модел на развој надвор од Европската унија затоа што не гледаат решение за спорот за името кој ја кочи државата на патот кон Брисел. Очигледно е дека овие ставови не произлегуваат од перцепцијата дека Македонија не би имала корист од ЕУ или дека членството не би било добро, туку од емотивниот набој кој го носи овој идентитетски спор, како и од разочарувањето за односот на Европската унија која не може да ја дисциплинира својата членка. За ваквата перцепција сигурно придонеле и негативните медиумски известувања. Така, прашани да го оценат односот на Европската унија кон Македонија на скала од 1 до 5, при што 1 значи дека односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки, а 5 дека односот на ЕУ кон Македонија е фер, пријателски и коректен, мнозинството од граѓаните (54,5%) го оцениле овој однос со

ниска оценка.[10] Во однос на оценките на различните општествени категории, најкритични кон ЕУ се симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, етничките Македонци, како и граѓаните кои се повозрасни од 55 години. Позитивната оценка за овој однос превладеала само кај Албанците (59,5%) .

**Луѓето понекогаш дискутираат за односот на Европската унија кон Македонија. Како би го оцениле овој однос ?**




[10] За аналитички цели, оценките 1 и 2 се прекодирани во „нефер, надмен и уценувачки“, оценката 3, во „неутрален“, а 4 и 5, во „фер, пријателски и коректен“.

# 9. КОРЕНИТЕ НА РАЗОЧАРУВАЊЕТО И НА ЕВРОСКЕПТИЦИЗМОТ: МОНИТОРИНГ НА ИЗВЕСТУВАЊАТА НА МЕДИУМИТЕ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ЕВРОИНТЕГРАЦИИ ВО 2011 И ВО 2012 ГОДИНА

Повеќе за контекстот во кој се случува опаѓањето на поддршката на граѓаните за членството на Македонија во Европската унија може да се разбере и од извештаите од мониторингот на медиумските известувања околу прашањата поврзани со евроинтегрирањето, кои во 2011 и во 2012 година ги подготви НВО – Инфоцентарот во соработка со МЦЕО.

Уште во 2011 година, според овие извештаи, забележано било драстично намалување на квантитетот и на квалитетот на **информирањето** за евроинтеграциските процеси во Македонија, при што медиумите и новинарите веќе немале проактивна улога во наметнувањето на агендата. На опаѓањето на интересот не биле имуни ниту останатите чинители, како политичката опозиција која во изборната кампања во таа година не им посветувала доволно внимание на овие прашања. Затоа, во овие извештаи се предвидело дека доколку продолжи трендот на недоволно квалитетното известување, ќе порасне евроскептицизмот и ќе се смени јавното мислење. Истата година во есента, по објавувањето на Извештајот за напредокот на Македонија од страна на Европската комисија, мониторингот на оваа организација покажал дека сите клучни забелешки од Извештајот, како: независноста на судството, реформата на јавната администрација, слободата на медиумите и борбата против корупција, биле засенети од дебатата околу (не) употребата на придавката „македонски“ во овој Извештај. Во недостиг на рационална дебата за забелешките на ЕУ, медиумите ја врамиле дебатата на таков начин што главна тема станала иницијативата Манифест на Македониумот со која низа интелектуалци, здруженија и јавни личности изразувале незадоволство од „преименувањето на македонскиот јазик“ во Извештајот. Имено, проблемот настанал

откако се увидело дека во овој Извештај, ЕК ја употребила придавката само неколкупати. Освен тоа, во овој период, медиумите посветиле огромно внимание на интервјуто на премиерот Груевски дадено за МИА во кое тој се обидел да создаде слика дека Европската комисија, во нејзиниот однос кон Македонија, е недоследна, исполитизирана и дека е раководена од интересите на Грција. Дополнително, медиумите застанале зад острите напади на премиерот Груевски кој во критиките околу слабостите на Македонија од комесарот за проширување, Штефан Филе, препозна *„стратегија на пренагласување на забелешките“* со цел да се притисне македонската Влада да попушти во спорот за името.

Во 2012 година, пак, отпочна таканаречениот Пристапен дијалог на високо ниво. Целта на овој инструмент на пристапувањето беше да се забрзаат реформите во клучните проблематични подрачја на јавните политики и да се избегне заостанувањето на Македонија во реформите. Мониторингот на медиумите во 2012 година покажал дека дебатата се врамила на еден сосема поинаков начин. Имено, огромен дел од медиумите го претставиле овој инструмент како **почеток на преговорите за членство** со ЕУ, односно, како своевидна награда за работата на Владата. На тој начин, медиумите ја поддржале агендата на власта која дијалогот го претставувала како голем успех на Македонија во евроинтеграциите. **Речиси во ниеден од мониторираните медиуми немало текст, односно, анализа со која би се разобличила ваквата манипулација**. Парадоксално, клучната разлика во однос на периодот пред објавувањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година била во изменетиот тон на провладините медиуми кои веќе не ја претставувале ЕУ во негативно светло, туку како партнер кој позитивно ги цени напорите на Владата. Според овој мониторинг, со некритичкото и селективно пренесување на ставовите на политичарите, медиумите го зацврстиле впечатокот што го создавала власта дека ПДВН ќе доведе до започнување на преговорите за членство со Унијата. Со тоа, неоправдано се подигнале оправданите очекувања на граѓаните. Подоцна, во 2012 година, Европската комисија (ЕК) го објавила и својот годишен Извештај за напредокот на Македонија кој, како и минатите години, окупирал најголем дел од вниманието на медиумите. Карактеристично за оваа година било тоа што речиси целосно изостанала каква било анализа за напредокот на Македонија во различните области на кои се однесувал Извештајот. Поголемиот дел од медиумите активно ја поддржале агендата на власта која се обидела да го претстави Извештајот како најпозитивен досега, па во новинарските прилози доминирале пораките на политичарите од владејачката гарнитура. Дебатата за неупотребата на придавката „македонски“ од страна на ЕК, во оваа година, се свела само на пофалбите на претседателот Иванов кој си ги присвоил заслугите за „враќањето на придавката“.

# 10. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Политичките партии во Република Македонија секогаш внимателно ги одбираат пораките поврзани за европските интеграции поради неколку причини. Прво, тие ги отсликуваат големите надежи на граѓаните за нивна подобра иднина, а од друга страна, тие пораки секогаш имаат значење и за странските политички актери. Второ, во општеството постои намален, но сѐ уште широк консензус за членството на Македонија во Европската унија, која за мнозинството граѓани (гласачите) претставува асоцијација за подобар живот. Партиите не можат да го занемарат тоа. Сепак, во комуникациите на партиите, постои тренд на „комерцијализација“ на европската агенда. Тоа значи дека сѐ повеќе се зборува за конкретните краткорочни придобивки од членството и од кандидатскиот статус, а сѐ помалку за не помалку важните вредносни аспекти на европеизацијата и за суштинските промени кои таа треба да ги предизвика. Освен тоа, со текот на времето, пристапувањето кон ЕУ сѐ помалку е дел од репертоарот на политичките партии во изборните кампањи, при што тие „бегаат“ од темата.

2. Комбинацијата од дискурсот на вредности (примордијални и / или конструирани), дискурсот на придобивки и дискурсот на стандарди (реформи) преовладува кај двете најголеми политички партии, со одредена законитост во нивното користење. Штом одредена партија е во опозиција, повеќе го користи дискурсот на конструирани вредности и стандарди кои треба да се постигнат, со цел да укаже дека пристапувањето во ЕУ треба да претставува и поголема демократизација на државата и промена на однесувањето на политичките актери. Од друга страна, кога се на власт, партиите повеќе се концентрираат на дискурсот на придобивки и на дискурсот на стандарди, фокусирајќи се, главно, на формалните аспекти на европеизацијата и користејќи бирократски вокабулар за да ги прикажат своите успеси. Индикативно отстапување е програмата на ВМРО-ДПМНЕ од 2011 и од 2014 година кога доминантниот дискурс произлезе од примордијалниот однос во кој ЕУ не е прикажана како извор на некакви вредности кон кои државата треба да стреми, туку како семејство каде природно припаѓаме. Причините за ваквото толкување се кризата на европските интеграции, назадувањето во клучните демократски параметри и неможноста на власта да покаже успех на ова поле, интерпретирајќи го спорот за името како единствен извор на неправда и пречки на патот кон ЕУ.

3. Вмреженоста на политичките партии во европските партиски и тинк-тенк чадор организации не е на посакуваното ниво. Некои од партиите, кои во Македонија важат за предводници на европската интеграција, покажуваат изненадувачки мал и кампањски пристап во вмрежувањето со партиите на европско ниво и идеолошка конфузија. Сето тоа е индикатор за одредено ниво на изолираност од меѓународните текови и за недостиг на стратешки пристап во градењето партнерства.

4. Во Македонија честопати како мантра се повторува податокот дека 90% од македонските граѓани се за влез во Европската унија. Наспроти тоа, лонгитудиналните истражувања на јавното мислење, како Евробарометар, покажуваа стабилен, перманентен пад на посакуваноста на Европската унија меѓу македонските граѓани. Овој тренд дополнително загрижува доколку имаме на ум дека расте јазот меѓу Македонците, кои имаат сѐ понегативен став кон Унијата, и Албанците, кај кои постои речиси едногласна поддршка за членството на Македонија во Унијата. Згора на тоа, доколку се има предвид специфичниот наратив кај етничките Албанци, кои членството на Македонија во Унијата го гледаат како синоним за нивната внатрешна интеграција во државата, продлабочувањето на овој јаз е фенономен кој е сѐ освен наивен.

# 11. ПРЕПОРАКИ

1. Политичките партии имаат сериозна потреба од политичка едукација за тоа што, всушност, значат пристапувањето на Македонија во ЕУ и европеизацијата како процес. Натаму, партиите треба похрабро да се ангажираат во идеолошко вмрежување на европско ниво, на сите раководни партиски нивоа. Социјализацијата на европско ниво ги подобрува знаењето и контактите и има позитивен ефект врз европеизацијата на партиите.

2. Различните толкувања на поимите поврзани со европските интеграции се карактеристика на политичките наративи во цела Европа. Затоа, потребно е да се поттикнува широка општествена дебата за сите прашања. Спротивно на тоа, недостигот на јавен простор за слободна дискусија ги претвора аргументите во фрустрации и во брутална борба за хегемонска позиција на партикуларните партиски дискурси, без можности за рационално толкување на: процесот, вредностите, придобивките и стандардите.

3. Потребни се враќање на европските интеграции на политичките агенди на партиите и дополнителна политизација на оваа тема, со цел да се изнесат вистинските разлики во погледите кај клучните политички актери согласно нивните идеолошки (лево – центар – десно или либерално – конзервативно) и општествени позиции (власт – опозиција – граѓанско општество – медиуми –бизнис).

4. Потребен е посериозен интелектуален ангажман на сите општествено ангажирани фактори (граѓански организации, тинк-тенк организации, универзитети, поединци) за отворање дебата за спецификите на европските интеграции во Македонија и за сличностите со другите бранови проширување и видови европеизација што се случиле во различни контексти. Улогата на медиумите во оваа дебата е клучна, и затоа е потребна дополнителна обука на медиумските работници за покривање на темите поврзани со европеизацијата.

5. Потребно е посистематско информирање на граѓаните, но и нивно вклучување во политичките расправи за прифаќање на вредностите, практиките и стандардите од ЕУ како позитивна референца за политичко дејствување.

6. Во јавната, но и во политичките дебати, неопходен е баланс меѓу „големата приказна“ за ЕУ, односно, генералниот правец на државата и на општеството и дискурсот на вредности наспроти дискурсот на придобивки за граѓаните кој се брои во конкретни бенефиции, проекти, буџети и стандарди од ЕУ кои засегаат определени категории граѓани. Досега, многу често, овој баланс недостасувал, односно, големата приказна ги засенувала конкретните придобивки од ЕУ или, пак, малите приказни за личните добри и лоши искуства од ЕУ нè оттргнуваат од големата слика за тоа каде и како треба да стигнат нашето општество и државата за пет, десет или петнаесет години.

7. Процесот на градење на граѓанскиот и етничкиот идентитет на граѓаните на Македонија несомнено ќе биде обликуван од судбината на процесот на европски интеграции. Македонија долго време ја промовираше приказната дека таа е различна од другите балкански држави и дека не припаѓа на Балканот, туку во Европа. Доведувањето на европските интеграции на Македонија под знак прашање ќе има влијание врз таквата самоперцепција и неизбежно ќе значи редефинирање во непозната насока и со непознати, но сериозни последици. Ова треба особено да го имаат предвид политичките фактори што влијаат врз политичките процеси.

# 12. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**Интервјуа:**

- Испитаник број 1 СДСМ – интервјуто е спроведено на 22.10.2013
- Испитаник број 2 СДСМ – интервјуто е спроведено на 12.12.2013
- Испитаник број 3 СДСМ – интервјуто е спроведено на  28.11.2013
- Испитаник број 1 ВМРО ДПМНЕ – од интервјуто е спроведено на 25.02.2014
- Испитаник број 2 ВМРО ДПМНЕ – интервјуто е спроведено на 25.02.2014
- Испитаник број 1 ДУИ  – интервјуто е спроведено на  13.02.2014
- Испитаник број 2 ДУИ – интервјуто е спроведено на 23.10.2014
- Испитаник број 3 ДУИ – интервјуто е спроведено на 16.01.2014
- Испитаник број 1 ДОМ – интервјуто е спроведено на 12.11.2013
- Испитаник број 2 ДОМ – интервјуто е спроведено на 07.02.2014
- Испитаник број 1 ЛДП  – интервјуто е спроведено на 12.11.2013
- Испитаник број 2 ЛДП  – интервјуто е спроведено на 18.12.2013
- Испитаник број 3 ЛДП – интервјуто е спроведено на 10.12.2013
- Испитаник број 1 Мненски водители – интервјуто е спроведено на 28.02..2014
- Испитаник број 2 Мненски водители – интервјуто е спроведено на 19.02.2014
- Испитаник број 3 Мненски водители – интервјуто е спроведено на 18.09.2013
- Испитаник број 4 Мненски водители – интервјуто е спроведено на 12.03.2014

**Фокус групи:**

- Транскрипт од  фокус група спроведена на 17.12.2013
- Транскрипт од  фокус група спроведена на 18.12.2013
- Транскрипт од  фокус група спроведена на 07.05.2014
- Транскрипт од експертска фокус група спроведена на 17.12.2013

**Изборни програми:**

- 1990 – СКМ – ПДП Изборна програма – ''Со нас иднината започнува денес''
- 1990 – ВМРО – ДПМНЕ - Статут
- 1994 – СДСМ – Изборна програма
- 1998 – ВМРО – ДПМНЕ – Изборна програма ''Промени''
- 2002 – СДСМ – Изборна програма ''Има надеж за Македонија''
- 2006 – СДСМ –  Изборна програма - ''Македонија напред, не назад:  Економија, Едукација, Европа"
- 2006 – ВМРО – ДПМНЕ – ''Преродба во 100 чекори''
- 2006 – ДОМ– Изборна програма на Демократска обнова на Македонија 2006 - Обнова – Состојби приоритети и мерки-
- 2008 – ВМРО – ДПМНЕ – ''Преродба во 100 чекори: Надградена и проширена''
- 2010 – ДОМ – Зеленото е зрело – Зелена програма
- 2011 – ЛДП – Изборна програма ''Има излез''

- 2011 – СДСМ – Изборна програма ''За твојата иднина''
- 2011 – ВМРО – ДПМНЕ – Изборна програма "Манифест за реформи и развој"
- 2011 – ДУИ -   Изборна програма ''Платформа за единство, развој и интеграција''
- 2014 – СДСМ – Изборна програма – ''Промени за нов почеток''
- 2014 – ВМРО – ДПМНЕ – Изборна програма – ''Проверено: Проекти коишто докажано се остваруваат''


## Секундарна литература:


- Balalovska, Kristina. 2004. Between `the Balkans' and `Europe': A Study of the Contemporary Transformation of Macedonian Identity. Journal of Contemporary European Studies 12(2), 193-214.
- Graziano, P. and Maartenn P. Vink (eds.), 2007. Europeanization: New Research Agendas. Hampshire, and New York: Palgrave Macmillan.
- Howarth, D. and Jacob Torfing, 2005 (eds.). Discourse Theory in European Politics: Identity, Policy and Governance. Hampshire and New York: Pagrave Macmillan.
- Neofotistos, Vasiliki P. 2008. "The Balkans' Other within": Imaginings of the West in the Republic of Macedonia. History and Anthropology 19(1): 17–36.
- Schimmelfennig, F. and Ulrich Sedelmeier (eds.) 2005. The Europeanization of Central and Eastern Europe. Ithaca and London: Cornell University Press.


## Бази на податоци


- Standard Eurobarometer, 2007 – 2013, http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb_arch_en.htm  / gesis.org
- Анкета „Еврометар" на Македонскиот центар за европско образование, спроведена во март 2014 година, датабаза достапна по барање на mcet@mcet.org.mk